20262614672

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21, 174/21, 241/24 и 212/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗА ПЕРИОД 2026-2028 ГОДИНА

ВОВЕД

Република Северна Македонија е мала, отворена и увозно зависна економија, со изразени регионални диспаритети кои се манифестираат низ повеќе димензии на развојот - економски, социјален, демографски и инфраструктурен. Овие разлики не се само статистичка реалност, туку претставуваат значаен развоен предизвик кој директно влијае на квалитетот на живот на граѓаните, на конкурентноста на економијата и на кохезивноста на општеството. Намалувањето на регионалните диспаритети и поттикнувањето на рамномерен развој на сите плански региони се клучни приоритети на државната политика, длабоко вкоренети како уставна обврска и утврдени во постојното законодавство.

Во член 57 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено дека "Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја". Оваа уставна определба не претставува само декларативна намера, туку основна обврска на државата кон своите граѓани - обврска за создавање на услови за еднакви можности за развој и за квалитетен живот во сите делови на државата, независно од нивната тековна развојна позиција.

Изработката на оваа програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026-2028 година е базирана на Законот за рамномерен регионален развој (*) и претставува среднорочен оперативен документ кој ја операционализира Стратегијата за регионален развој на Република северна Македонија 2021-2031, за период од три години. Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година претставува клучен инструмент за преведување на стратешките определби во конкретни приоритети, мерки и активности кои треба да се реализираат во наредниот тригодишен период. Таа го дефинира временскиот период за реализација на приоритетите и мерките утврдени во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, ги идентификува носителите на имплементација, ги определува изворите на финансирање и ги поставува индикаторите за мерење на напредокот. На тој начин, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година обезбедува рамка за координирано и ефикасно делување на сите релевантни институции и засегнати страни во процесот на регионален развој.

Подготовката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година се темели и на анализата на искуствата и наодите од спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021–2024, но и од тековното оценување на спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031. Тековното оценување укажува дека и покрај воспоставената нормативна и стратешка рамка, политиката за рамномерен регионален развој и понатаму се соочува со изразени структурни ограничувања. Најзначајното сознание се однесува на јазот меѓу законски утврдените обврски и нивната реална примена, особено во делот на финансирањето на регионалниот развој. Во согласност со членот 35 од Законот за рамномерен регионален развој (*) , за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од бруто домашниот производ. Иако Законот за рамномерен регионален развој (*) предвидува издвојување на средства во висина од најмалку 1% од БДП, во анализираниот период реалната буџетска алокација

останува значително под ова ниво, што укажува на системско потфрлање во нивото на финансирање и ограничен капацитет на политиката да произведе посилни и подолгорочни регионални ефекти.

Оценувањето дополнително покажува дека распределбата и насоченоста на јавните инвестиции не секогаш се во целосна согласност со принципите на рамномерниот регионален развој. Иако најнеразвиените региони во апсолутен износ добиваат значајна поддршка, анализата укажува дека Скопскиот плански регион и понатаму задржува релативно висок удел во јавните инвестиции, што укажува на недоволно доследна примена на Индексот за степен на развиеност како клучен инструмент за територијално таргетирање. Ова сознание ја нагласува потребата од појасни критериуми и поцврста методолошка дисциплина при планирањето и програмирањето на инвестициите на регионално ниво

Во периодот 2018–2023 година јасно се гледа силна поларизација меѓу регионите: Скопскиот плански регион е убедливо прв според развојниот индекс (151,0), додека Североисточниот е најслабо рангиран (62,7). Меѓу "средната група" се издвојуваат Југоисточниот (97,1) и Источниот (96,1) како релативно повисоко позиционирани, додека Вардарскиот (73,5) и Југозападниот (81,4) се на пониските позиции. Овој распоред покажува дека разликите не се само во економската активност, туку и во составните компоненти на индексите, што креира различни профили на развојни потреби по региони.

Во следниот циклус 2024–2028 (класификација на степен на развиеност за петгодишен период), се забележува нагорен тренд кај сите индекси, но и важна промена: диспаритетите се стеснуваат во релативна смисла. Оценувањето посочува дека сообносот меѓу најразвиениот и најслабо развиениот регион се намалува од 2,4:1 во 2018–2023 (151,0 наспроти 62,7) на 1,4:1 во 2024–2028 (190,0 наспроти 135,9). Истовремено, иако Скопскиот останува прв (190,0), се појавува поинаква внатрешна распределба на позициите: Полошкиот се рангира високо (150,3, ранг 2), а Вардарскиот е најниско рангиран во оваа класификација (135,9, ранг 8). Ова сугерира дека динамиката на индексите (и/или промени во методологијата/влезните податоци, вклучително Попис 2021) има значајно влијание врз сликата за регионалните разлики.

Во институционален и управувачки контекст, тековното оценување идентификува ограничена хоризонтална и вертикална координација меѓу носителите на политиката за регионален развој. Регионалните цели и приоритети се недоволно инкорпорирани во клучните секторски политики и национални развојни документи, што резултира со фрагментирани интервенции и слаб синергетски ефект. Дополнително, административните капацитети за планирање, спроведување, мониторинг и известување значително варираат меѓу институциите и меѓу регионите, што директно влијае врз ефикасноста и конзистентноста на имплементацијата.

Конечно, оценувањето укажува дека постојните инструменти за регионален развој имаат ограничен ефект доколку не се проследени со посилна фискална поддршка и со механизми за фискално воедначување на локално ниво. Значителните разлики во фискалниот капацитет на општините, особено помеѓу урбаните и руралните средини и помеѓу Скопје и останатите региони, ја ограничуваат можноста за рамномерен развој "од долу нагоре". Ова сознание ја потврдува потребата од воведување поодржливи и системски инструменти за фискално воедначување и за појасно поврзување на финансиските алокации со реалните развојни потреби на планските региони.

Компаративната слика дополнително се продлабочува кога се анализираат економските показатели по региони, особено преку бруто-домашниот производ и бруто-додадената вредност по жител, кои ги објавува Државниот завод за статистика. Скопскиот регион остварува убедливо најголем придонес во вкупната економска активност на државата и концентрира значителен дел од инвестициите, деловните субјекти и работните места, додека останатите региони имаат значително понизок удел во создавањето на додадена вредност. Истовремено, разликите меѓу регионите не се само во обемот на економската активност, туку и во нејзината структура – од доминација на услужниот сектор и индустријата во Скопскиот регион, до поголема застапеност на земјоделството и традиционалните дејности во дел од другите региони, што создава различни развојни ограничувања и можности.

Покрај економските индикатори, демографските показатели по региони дополнително ја објаснуваат сложеноста на регионалните разлики. Податоците за 2023 година укажуваат на изразени разлики во густината на населението, старосната структура и природниот прираст, при што Скопскиот и Полошкиот регион имаат повисоко учество на младо население, додека Источниот, Вардарскиот и Пелагонискиот регион се соочуваат со поизразени процеси на стареење и негативен природен прираст. Во шест од осум региони бројот на умрените лица го надминува бројот на живородените, што укажува

на долгорочни демографски притисоци со директни импликации врз пазарот на труд, јавните услуги и регионалната економска одржливост. Овие структурни разлики потврдуваат дека рамномерниот регионален развој не може да се третира униформно, туку бара диференцирани политики и интервенции, прилагодени на специфичните економски, демографски и социјални карактеристики на секој регион.

Правна и стратешка рамка за подготовка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година

Подготовката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година се заснова на цврста правна и стратешка основа која ја дефинираат следните клучни документи:

- Членот 57 од Уставот на Република Северна Македонија, е наведено дека Републиката се обврзува да го поттикнува економскиот напредок и да се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;

- Закон за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21, 174/21, 241/24 и 212/26) – со кој се утврдуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти;

- Правилник за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 219/21) – со кој се пропишува методологијата за изработка на Програмите за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија;

- Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/21) е долгорочен плански документ кој ги определува концептот, приоритетите и стратешките цели на развојот на планските региони, мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата;

- Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021-2024 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 37/22) е првата програма за спроведување на Стратегијата, чии искуства и резултати од имплементацијата послужија како основа за подготовка на оваа Програма.

Во следниот дел од Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година накусо се образложени овие документи и нивното значење како основа за подготовка на оваа Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, со посебен осврт на релевантните одредби кои ја дефинираат содржината, постапката за подготовка и структурата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година.

Кус преглед на клучните документи користени како основа за изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година

1) Уставот на Република Северна Македонија претставува темелна правна основа за политиката за рамномерен регионален развој, при што уставната определба за поттикнување на економскиот напредок и порамномерниот просторен и регионален развој ја легитимира и оправдува интервенцијата на државата во намалување на регионалните диспаритети. Оваа уставна рамка обезбедува континуитет и стабилност на политиката за регионален развој независно од програмските циклуси, и ја поставува обврската на државата да создава услови за еднакви развојни можности на целата територија. Во тој контекст, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година не се јавува како изолиран плански документ, туку како инструмент за конкретизација на уставно утврдена јавна политика, при што искуствата од спроведувањето на претходните програми претставуваат легитимна и неопходна основа за нејзино понатамошно унапредување.

2) Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21, 174/21, 241/24 и 212/26) претставува основен правен акт со кој се уредуваат целите, начелата, носителите, планирањето, финансирањето, како и следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија. Согласно членовите 9 и 10 од Законот за рамномерен регионален развој (*) планирањето на регионалниот развој се врши преку плански документи кои задолжително се усогласуваат со Просторниот план на Република Северна Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Како плански документи за регионален развој, Законот за рамномерен регионален развој (*) ја утврдува Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 и Програмите за развој на планските региони, при што за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031, Владата донесува програми за спроведување, на предлог на Министерството за локална самоуправа. Процесот на донесување и временската рамка на програмите за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031 се уредени со членот 11 ставовите (4), (5) и (6) од Законот за рамномерен регионален развој (*).

3) Правилникот за методологијата за изработка на планските документи претставува клучна техничка и методолошка основа за подготовка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, бидејќи обезбедува единствен и стандардизиран пристап кон структурата, содржината и процесот на изработка на планските документи за регионален развој. Неговата примена во изработката на претходната Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021-2024, овозможи воспоставување на заедничка рамка за дефинирање на цели, приоритети, мерки, индикатори и финансиски проекции, како и за поврзување на аналитичките наоди со програмските интервенции. Искуствата од примената на Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, во периодот 2021–2024, вклучително и идентификуваните ограничувања и практични предизвици, претставуваат значајна појдовна основа за негово доследно и поефикасно користење при подготовката на новата Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, особено во делот на јасната операционализација на мерките и резултатската ориентација.

4) Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021–2031 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/21) е донесена согласно членот 11 ставот (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*), од страна на Собранието на Република Северна Македонија, по предлог на Владата на Република Северна Македонија. Таа претставува долгорочен плански документ со кој се утврдуваат концептот, стратешките цели, приоритетите и мерките за регионален развој, како и финансиските и институционалните механизми за нивна имплементација, мониторинг и евалуација, согласно членот 12 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 се заснова на моделот

на полицентричен развој, утврден и како цел на политиката за рамномерен регионален развој согласно членот 3 од Законот за рамномерен регионален развој (*), со цел намалување на регионалните диспаритети и обезбедување порамномерна територијална распределба на економските активности, инвестициите и можностите за развој. Во таа насока, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година ги проследува стратешките определби во конкретни приоритети и мерки, во рамки на втората програмска фаза на спроведување на Стратегијата. Дополнително, Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 ја нагласува потребата од интегриран и територијално диференциран пристап кон регионалниот развој, при што интервенциите се прилагодуваат на специфичните развојни потенцијали и предизвици на секој плански регион. Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 експлицитно ја истакнува важноста од поврзување на економските, социјалните, демографските и еколошките димензии на развојот, како и од подобрување на координацијата меѓу секторските политики, со цел да се постигне поголем синергетски ефект од јавните инвестиции. Во таа насока, се промовира примена на територијален пристап во планирањето и спроведувањето на мерките, кој овозможува поефикасно таргетирање на јавната поддршка, подобро искористување на локалните ресурси и постепено намалување на структурните регионални разлики.

5) Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021–2024 претставува прв оперативен инструмент за имплементација на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 и како таква, обезбедува значајна аналитичка и институционална основа за подготовка на новата Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Преку нејзината имплементација беа воспоставени клучните програмски и институционални механизми за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, вклучително и процедурите за планирање, координација, финансирање, мониторинг и известување. Овие искуства овозможија појасно согледување на практичните аспекти на спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, како и идентификување на функционалните слабости и ограничувања во постојниот систем.

Во исто време, анализата на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021–2024 и наодите од тековното оценување обезбедија вредни сознанија за ефективноста на дефинираните приоритети, мерки и инструменти, како и за степенот на нивната усогласеност со реалните развојни потреби на планските региони. Овие сознанија се користат како појдовна основа при изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, со цел да се задржат функционалните елементи од претходната програмска рамка, а истовремено да се изврши нивно унапредување преку појасно таргетирање, подобра резултатска ориентација и поголема поврзаност меѓу стратешките цели, финансиските алокации и мерките за имплементација. На тој начин, новата Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година се надоврзува на претходната не како формално продолжение, туку како еволуција заснована на стекнатите искуства и научените лекции.

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031, ЗА ПЕРИОД 2026–2028 ГОДИНА

Оваа методологија ја утврдува логиката, пристапот и чекорите преку кои Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, се подготвува како оперативен инструмент за спроведување на стратешките цели на политиката за регионален развој. Таа обезбедува јасна поврзаност помеѓу анализата на состојбите, идентификуваните развојни потреби и дефинирањето на приоритети и мерки, со цел Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година да биде реална, применлива и ориентирана кон резултати.

1. Нормативна основа и методолошка рамка

Методолошката рамка на , Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026 2028 година е поставена така што ги обединува нормативните барања со потребата од ефективно и фокусирано програмско планирање, при што посебен акцент се става на улогата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година како алатка за практична реализација на стратешките определби. Методологијата за изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година произлегува од потребата за обезбедување јасен, транспарентен и функционален пристап кон операционализација на стратешките определби за регионален развој. Таа е конципирана така што обезбедува континуитет со претходните програмски документи, но истовремено овозможува вградување на нови сознанија, искуства и евалуациски наоди.

Методолошката рамка е утврдена во согласност со Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, кој ја дефинира улогата, содржината и начинот на подготовка на програмските документи. Понатаму, во согласност со членот 20 ставот (2), Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, е изработена во усогласеност со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, како и со релевантните програмски документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. На тој начин, методологијата обезбедува јасна логичка и функционална поврзаност помеѓу стратешките цели и нивната практична реализација преку прецизно дефинирани приоритети и мерки.

2. Фази во изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026-2028 година

Изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година е замислена како структуриран и фазен процес, кој овозможува постепен премин од планирање и анализа кон дефинирање на конкретни програмски интервенции. Ваквиот пристап има за цел да обезбеди кохерентност помеѓу аналитичката основа, идентификуваните развојни потреби и предложените мерки, како и нивна реална изводливост. Со цел да се обезбеди систематски и транспарентен пристап во подготовката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, методологијата ја структурира изработката во јасно дефинирани фази, кои овозможуваат логичен тек од организација и анализа кон дефинирање на конкретни програмски интервенции.

Во согласност со ова, а согласно членот 20 ставот (3) од Правилникот за методологијата за изработка на плански документи за регионален развој, процесот на изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година се состои од две основни фази:

1) организирање на процесот за изработка и
2) изработка на Програмата.

2.1 Организирање на процесот

Организацијата на процесот претставува клучна почетна фаза во која се поставуваат институционалните и оперативните предуслови за квалитетна изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година. Преку оваа фаза се обезбедува јасна координација, распределба на

одговорности и навремено вклучување на релевантните актери. Фазата на организирање на процесот претставува основа за квалитетна и ефикасна изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година , бидејќи преку неа се воспоставуваат институционалните, организациските и временските рамки на програмскиот процес.

Во таа насока, согласно членот 21 ставот (1) од Правилникот за методологијата за изработка на плански документи за регионален развој, одговорните лица за организирање на процесот се определуваат од страна на раководителот на надлежната институција. Овие лица имаат клучна улога во координацијата на подготовката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година и во обезбедувањето на потребната институционална и логистичка поддршка за експертскиот тим и вклучените засегнати страни. Преку оваа фаза се обезбедува структурирана основа за понатамошната аналитичка и програмска работа, како и јасна распределба на улогите и одговорностите помеѓу сите вклучени актери.

3. Аналитичка основа и користење на претходни евалуации

Методологијата се темели на пристап заснован на докази, при што анализата на постојната состојба и искуствата од претходниот програмски период претставуваат основа за дизајнот на новите приоритети и мерки. На овој начин, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година не се гради од почеток, туку се надоврзува и унапредува врз веќе стекнатите сознанија. Квалитетот и релевантноста на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година во голема мера зависат од аналитичката основа врз која таа се темели. Поради тоа, методологијата посветува особено внимание на систематското користење на постојните анализи, податоци и евалуациски наоди, со цел да се обезбеди реална и објективна основа за дефинирање на програмските приоритети. Согласно членот 23 ставот (2) од Правилникот за методологијата за изработка на плански документи за регионален развој, при изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, задолжително се користат податоци и наоди од завршната евалуација на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021–2024, како и други релевантни официјални податоци добиени по методологии усогласени со стандардите на Европската Унија.

Аналитичката основа е дополнително зајакната преку користење на секторски анализи подготвени согласно членот 24 ставот (1) и ставот (2) од Правилникот за методологијата за изработка на плански документи за регионален развој, при што се користат и тематските студии и други релевантни извори на податоци. Овој пристап овозможува Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година да се заснова на докази и реални развојни потреби, а не исклучиво на нормативни или формални определби.

4. Содржина и структура на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026-2028 година

Структурата и содржината на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година се дефинирани така што овозможуваат јасна, логична и прегледна презентација на програмските цели, приоритети и мерки, како и нивна поврзаност со анализите и финансиската рамка. Јасно дефинираната структура на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година има за цел да обезбеди логичка поврзаност помеѓу анализата, визијата, целите и мерките, како и нивна транспарентна презентација пред сите засегнати страни. Во таа насока, содржината на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година е утврдена во согласност со нормативно пропишаните елементи. Методологијата обезбедува секоја од овие содржински целини да биде меѓусебно поврзана, при што аналитичките наоди директно се користат како основа за дефинирање на приоритетите и мерките, а финансиската рамка како инструмент за нивна реална имплементација.

5. Партиципативен пристап и консултации

Активното вклучување на засегнатите страни претставува важен елемент на методологијата, бидејќи овозможува програмските приоритети и мерки да бидат усогласени со реалните потреби и капацитети на терен. Изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година е заснована на принципот на инклузивност и активно учество на релевантните засегнати страни, со цел програмските интервенции да одговорат на реалните потреби на терен и да обезбедат поширока поддршка за нивна имплементација. Во согласност со членот 23 ставот (1), чекори 3 и 5 од Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, методологијата предвидува организирање на консултации за нацрт секторските анализи и за нацрт верзијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година. Консултациите се спроведуваат преку работилници, фокус групи и тркалезни маси со релевантните засегнати страни. Овој пристап овозможува валидација на аналитичките наоди, унапредување на дизајнот на мерките и зголемување на транспарентноста и инклузивноста на програмскиот процес.

6. Приоритизација и финансиско планирање

Приоритизацијата и финансиското планирање се клучни за обезбедување фокусирана и изводлива Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, при што методологијата настојува да воспостави рамнотежа помеѓу развојните амбиции и реалните институционални и финансиски можности. Приоритизацијата и финансиското планирање претставуваат клучен дел од методологијата, бидејќи преку нив се обезбедува фокусирање на интервенциите со најголем развоен потенцијал и нивна реална изводливост. Приоритизацијата се врши врз основа на очекуваниот развоен ефект, финансиската изводливост и институционалниот капацитет за спроведување, со што се обезбедува реална, применлива и фокусирана програмска рамка.

7. Следење и оценување

Следењето и оценувањето се замислени како континуиран процес кој овозможува навремено следење на напредокот и прилагодување на програмските интервенции во текот на имплементацијата. Следењето и оценувањето се третираат како континуиран процес кој овозможува навремено согледување на напредокот, идентификација на отстапувања и прилагодување на програмските интервенции во текот на имплементацијата. Во согласност со членот 29 ставовите 1 и 4 од Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, методологијата предвидува дефинирање на индикатори со базни и целни вредности, кои се директно поврзани со стратешките цели и приоритети на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Овој систем обезбедува основа за редовно следење, меѓуевалуации и унапредување на ефективноста на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година.

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ПРИ ПЛАНИРАЊЕТО НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ

Појдовните основи при планирањето на регионалниот развој за периодот 2026–2028 се темелат на законската рамка, стратешките определби и на објективната анализа на развојните состојби во планските региони. Во овој контекст, планирањето се заснова на принципите на рамномерност, територијална кохезија, транспарентност и ориентираност кон резултати, како и на потребата од адресирање на структурните регионални диспаритети.

Планирањето на регионалниот развој во рамки на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, го задржува концептот на диференциран пристап, при што мерките и активностите се прилагодуваат на специфичните развојни профили, потенцијали и предизвици на секој плански регион. Овој пристап овозможува поефикасно таргетирање на јавната поддршка и поголем развоен ефект од расположливите финансиски средства.

Планските региони

Планските региони претставуваат основна територијална рамка за планирање и спроведување на политиката за рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија. Согласно Законот за рамномерен регионален развој (*), државата е поделена на осум плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Развојните разлики меѓу планските региони се изразени и постојани, што е потврдено и со резултатите од официјалната класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2024–2028. Оваа класификација се заснова на комбиниран развоен индекс, кој ги опфаќа економско-социјалните и демографските аспекти на развојот, и претставува клучна аналитичка основа за распределба на средствата за регионален развој.

Врз основа на официјалната Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот од 2024 до 2028 година, утврдена е следната распределба на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони.

Плански регион	Развоен индекс	Економско-социјален индекс	Демографски индекс	Процент за распределба
Вардарски	135,9	142,1	129,7	**15,4 %**
Источен	138,5	156,6	120,5	**14,3 %**
Југозападен	149,8	158,6	140,9	**11,1 %**
Југоисточен	144,1	168,7	119,5	**12,5 %**
Пелагониски	139,1	148,0	130,2	**14,1 %**
Полошки	150,3	122,6	178,1	**11,0 %**
Североисточен	136,1	119,5	152,7	**15,3 %**
Скопски	190,0	190,8	189,2	**6,1 %**

Импликации за планирањето во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година

Резултатите од класификацијата на планските региони претставуваат директна основа за планирањето на интервенциите во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Развојните индекси и процентуалната распределба на средствата овозможуваат појасно дефинирање на приоритетите и подобро таргетирање на јавната поддршка во согласност со реалните потреби на регионите. Во овој програмски период, посебно внимание се посветува на регионите со изразени демографски предизвици и структурни економски слабости, каде што е неопходна интегрирана комбинација на економски, инфраструктурни и социјални интервенции. Истовремено, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година ја задржува потребата од поддршка на регионите со повисок развоен потенцијал, со цел да се поттикне нивната улога како двигатели на поширокиот регионален развој.

ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ И НАДЛЕЖНОСТИ

Централните институции имаат клучна улога во креирањето, координацијата и следењето на политиката за рамномерен регионален развој. Министерството за локална самоуправа, во согласност со законските надлежности, обезбедува координација на процесот на планирање и спроведување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, како и следење на нејзината реализација. Оваа улога подразбира тесна соработка со другите ресорни министерства и со Владата, со цел усогласување на секторските политики со целите на регионалниот развој.

Регионалните и локалните институции, особено Центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа, имаат значајна улога во имплементацијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година на терен. Тие придонесуваат кон идентификација на регионалните развојни потреби и кон реализација на конкретните активности, во согласност со утврдените приоритети. Искуствата од претходниот програмски период покажуваат дека нивната активна и навремена вклученост е од суштинско значење за ефективноста на интервенциите.

Координацијата меѓу институциите се обезбедува преку постојните координациски тела и механизми утврдени со закон и со програмските документи. Советот за рамномерен регионален развој има важна улога во усогласувањето на активностите и во следењето на напредокот. Во периодот 2026–2028, се нагласува потребата од поефикасно функционирање на овие механизми и од редовна размена на информации меѓу сите засегнати страни.

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031, ЗА ПЕРИОД 2026–2028 ГОДИНА

Имплементацијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, се организира како координиран процес во кој учествуваат повеќе институции и нивоа на управување. Јасната организациска поставеност и дефинираните одговорности се предуслов за навремено и квалитетно спроведување на програмските активности. Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година се надоврзува на воспоставените практики од претходниот период, со цел да се обезбеди континуитет и стабилност во имплементацијата.

Временската рамка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година овозможува фазно спроведување на активностите, во согласност со приоритетите и расположливите ресурси. Овој пристап овозможува постепено постигнување на целите и навремена корекција на активностите доколку се идентификуваат отстапувања. Динамиката на спроведување е усогласена со буџетските циклуси и со институционалните капацитети.

Имплементацијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година се одвива во интеракција со други национални и секторски програми. Оваа поврзаност е важна за избегнување на преклопувања и за зголемување на синергијата меѓу интервенциите. Во периодот 2026–2028 се става акцент на подобра усогласеност меѓу програмските активности и другите јавни политики релевантни за регионалниот развој.

УЛОГА НА КЛУЧНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031, ЗА ПЕРИОД 2026-2028 ГОДИНА

Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства имаат стратешка и оперативна улога во спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Тие обезбедуваат политичка поддршка, финансиски ресурси и институционална координација, како и интеграција на регионалниот развој во секторските политики.
Центрите за развој на планските региони се клучен оперативен актер во процесот на регионален развој. Тие придонесуваат кон подготовка и спроведување на проекти, како и кон координација меѓу општините во рамки на планските региони. Искуствата од претходниот период ја нагласуваат потребата од понатамошно јакнење на нивните капацитети. Единиците на локалната самоуправа имаат директна улога во реализацијата на интервенциите и во идентификацијата на локалните развојни потреби. Нивната вклученост е клучна за прилагодување на програмските активности кон специфичните услови на терен и за обезбедување одржливост на резултатите.

Хоризонталната координација меѓу ресорните министерства и другите институции е од суштинско значење за усогласување на секторските политики со целите на регионалниот развој. Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година ја нагласува потребата од поефикасна меѓуресорска соработка и размена на информации. Вертикалната координација меѓу централното, регионалното и локалното ниво овозможува поефикасно спроведување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Овој аспект беше идентификуван како слабост во претходниот период, поради што новата Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година посветува поголемо внимание на подобрување на овие релации. Партнерствата со приватниот сектор, граѓанските организации и меѓународните партнери придонесуваат кон зголемување на развојниот ефект на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Во периодот 2026–2028 се поттикнува развој на вакви партнерства како дополнителен механизам за поддршка на регионалниот развој.

ФИНАНСИСКА РАМКА И ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Буџетските средства претставуваат основен извор на финансирање на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година. Тие се планираат во согласност со законската рамка и со утврдените приоритети, со цел да се обезбеди континуитет и предвидливост во финансирањето. Единиците на локалната самоуправа учествуваат во финансирањето на програмските активности преку сопствени буџети и кофинансирање. Ова учество е важно за зајакнување на локалната сопственост врз интервенциите и за нивната одржливост. Меѓународните и донаторските средства претставуваат дополнителен извор на финансирање кој може да го зголеми обемот и квалитетот на интервенциите. Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година, ја нагласува потребата од подобра координација и усогласување на овие средства со националните приоритети за регионален развој.

ДЕЛ II - ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ПО ПРИОРИТЕТИ, ПРОГРАМИ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 2026–2028

I. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРОЕКЦИЈАТА

Овој дел од анализата ги презентира проектираните финансиски средства за спроведување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026–2028 година, структурирани по стратешки цели, приоритети и буџетски програми на надлежните институции. Проекцијата е изработена врз основа на реализираните буџетски средства по институции за 2024 година, но земени се во предвид и планираните средства за 2025 година. Проекцијата е направена со користење на стапки на раст: 4,0% за 2026 година, 4,2% за 2027 година и 4,6% за 2028 година, преземени од фискалната стратегија 2026-2030 засновани на проекции на Министерството за финансии.

Табела 1 -- Преглед на вкупните проектирани средства по стратешки цели (во денари)

Стратешка цел	2026	2027	2028	Вкупно 2026-2028
СЦ1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции	15.586.992.106,00	16.244.619.496,00	16.995.951.990,00	48.827.563.592,00
СЦ2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението	2.026.649.640,15	2.111.008.179,03	2.209.168.357,27	6.346.826.176,45
СЦ 3. Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво	–	–	–	–
ВКУПНО (СЦ1 + СЦ2+СЦ3)	**17.613.641.746,15**	**18.355.627.675,03**	**19.205.120.347,27**	**55.174.389.768,45**

Вкупните проектирани средства за периодот 2026–2028 изнесуваат 55.174.389.768,45 денари и се распределени во рамките на Стратешките цели 1 и 2, додека за Стратешката цел 3 не се идентификувани директни буџетски средства во проектираниот период. Стратешката цел 1 има доминантно учество и опфаќа речиси 88,5% од вкупните средства. Стратешката цел 2, која ги покрива локалните услуги, пазарот на труд и социјалната заштита, учествува со 11,5%. Стратешката цел 3 е насочена кон зајакнување на административните капацитети и нормативната рамка, но за неа сè уште нема предвидено буџетски средства во постојните буџетски програми.

Табела 1а -- Процентуално учество во средствата на стратешките цели по години


Стратешка цел	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Стратешка цел 1	88.5%	88.5%	88.5%
Стратешка цел 2	11.5%	11.5%	11.5%
Стратешка цел 3	0%	0%	0%

Процентуалниот преглед по години потврдува структурна конзистентност на финансирањето низ целиот проектиран период. Стратешката цел 1 апсорбира исто процентуално учество од 88.5% за целиот период 2026-2028 година, додека Стратешката цел 2 задржува стабилно учество од 11.5% во сите три години. Отсуството на структурно преориентирање на средствата кон подобро балансирано финансирање на двете стратешки цели, но и вклучување на буџетски средства за поддршка на третата стратешка цел е сознание кое треба да се земе предвид при планирањето на наредниот програмски циклус.

Графиконот 1 ја прикажува структурата на проектираните средства по приоритети за периодот 2026–2028, со вкупен буџет од **55,2 милијарди денари**. Најголем дел од средствата дури **33,82%** е наменет за изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција по плански региони (18,7 млрд. ден.), следи развој на земјоделството и рурален развој


заснован на споредбените предности на планските региони со **24,50%** (13,5 млрд. ден.), а потоа програмирањето и спроведувањето на јавните инвестиции во функција на обезбедување на порамномерен регионален развој со **14,17%** (7,8 млрд. ден.). Останатите приоритети како образование, култура, социјална кохезија и животна средина учествуваат со значително помали удели, што јасно покажува дека фокусот на буџетот е ставен на инфраструктурен и аграрен развој.

Графикон 1- Структура на средства по приоритети за период 2026–2028



Графиконот 2 ги прикажува трендовите на раст на проектираните средства за двете стратешки цели во истиот период. Стратешката цел 1 бележи значително поголеми средства од 15,6 млрд. денари во 2026 до 17,0 млрд. во 2028, додека Стратешката цел 2 останува на значително пониско ниво, од 2,027 до 2,209 млрд. денари. И двете цели имаат идентична стапка на раст од +9%, што укажува на стабилно и планирано зголемување на буџетските средства во тригодишниот период. За третата стратешка цел сеуште нема предвидено средства.

Графикон 2 — Трендови на раст на средствата по стратешки цели (2026–2028) во млрд. денари



II. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: ПОРАМНОМЕРНО ЕКОНОМСКИ РАЗВИЕНИ, ЕКОЛОШКИ ОДРЖЛИВИ И КОНКУРЕНТНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ НИЗ ДОСЛЕДНО СПРОВЕДЕНА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ПОСИЛНО СТИМУЛИРАЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО СИНЕРГИЈА СО ЈАВНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

Министерствата, агенциите и останатите државни институтции главно се фокусирани на реализација на програмите и активностите кои се поврзани со постигнување порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции. За реализација на Стратешката цел 1 институциите планираат да реализираат вкупно 15.586.992.106,00 денари во 2026 година, кои во 2028 година достигнуваат 16.995.951.990,00, а со тригодишен збир од 48.827.563.592 денари. Во рамките на оваа стратешка цел се идентификувани 7 приоритети кои ги опфаќаат јавните инвестиции, инфраструктурата, земјоделството, пазарот на трудот и животната средина. Во табелата 2 е прикажана распределбата на средствата по одделните приоритети за проектираниот период 2026-2028 година.

Табела 2 - Вкупни средства за Стратешката цел 1 по приоритети (во денари)

Приоритет	2026 (MKD)	2027 (MKD)	2028 (MKD)	Вкупно 2026-2028
1.1 Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој	2.495.776.099,00	2.600.598.695,00	2.720.226.235,00	**7.816.601.029,00**
1.2 Обезбедување поширок стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот	16.340.000,00	20.000.000,00	25.000.000,00	**61.340.000,00**
1.3 Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони	5.954.108.087,00	6.204.180.629,00	6.489.572.935,00	**18.647.861.651,00**

1.4 Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата	447.942.576,00	466.756.163,00	488.226.946,00	**1.402.925.685,00**
1.5 Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал	1.718.663.124,00	1.790.846.975,00	1.873.225.936,00	**5.382.736.035,00**
1.6 Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони	4.315.254.603,00	4.496.495.298,00	4.703.334.081,00	**13.515.083.982,00**
1.7 Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус	638.907.617,00	665.741.736,00	696.365.857,00	**2.001.015.210,00**
ВКУПНО ЗА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1	**15.586.992.106,00**	**16.244.619.496,00**	**16.995.951.990,00**	**48.827.563.592,00**

Во Табелата 2а е прикажано процентуалното учество на средствата предвидени за одделните приоритети во вкупниот износ планиран за реализација на Стратешката цел 1. Анализата на процентуалната распределба укажува на изразена концентрација на средствата кај одредени приоритети. Најголемо и доминантно учество во сите три години има Приоритет 1.3 – Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони, со 38,2% (вклучително и во 2026 и 2028 година), што во значителна мера се должи на носечката улога на Јавно претпријатие за државни патишта.


Втор по обем на средства е Приоритет 1.6 – Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони, со стабилно учество од околу 27,7%. Ова укажува на значајната улога на аграрниот сектор и регионалниот развој како носечки компоненти во рамките на Стратешката цел 1. Следува Приоритет 1.5 – Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал, со 11,0% од вкупно планираните средства, што ја нагласува потребата од инвестиции во образование, вештини и социјален развој како предуслов за долгорочна одржливост. Најниско учество имаат Приоритет 1.2 – Обезбедување поширoки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот и Приоритет 1.7 – Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус, кои заедно учествуваат со помалку од 5% од вкупните средства наменети за Стратешката цел 1.

Табела 2а – Процентуално учество на приоритетите во СЦ1 по години

Приоритет	% во 2026	% во 2027	% во 2028
1.1 Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој	16.0%	16.0%	16.0%
1.2 Обезбедување поширoки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот	0.1%	0.1%	0.1%
1.3 Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони	38.2%	38.2%	38.2%
1.4 Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата	2.9%	2.9%	2.9%
1.5 Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал	11.0%	11.0%	11.0%
1.6 Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони	27.7%	27.7%	27.7%
1.7 Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус	4.1%	4.1%	4.1%

Графиконот 3 овозможува компаративен увид во обемот на средства распределени по приоритети во рамките на Стратешката цел 1 за периодот 2026–2028 година и визуелно појасно ја прикажува релативната застапеност на приоритетите во споредба со табеларниот приказ. Распределбата покажува јасна хиерархија меѓу приоритетите според финансиската тежина. Најголемиот дел од средствата се концентрирани во инфраструктурата, која значително се издвојува во однос на останатите области. Земјоделството претставува втора по значење буџетска ставка, со релативно висок и стабилен удел. Јавните инвестиции и човечкиот капитал се позиционирани во средината на распределбата, што укажува на балансиран, но не доминантен третман во однос на носечките приоритети. Во долниот дел од скалата се наоѓаат претприемништвото, животната средина и приватните инвестиции, чиј финансиски опфат е значително помал во споредба со водечките области. Вкупно гледано, структурата упатува на развоен модел во кој капитално-инфраструктурните вложувања имаат централно место.

Графикон 3 - Распределба на средства по приоритети на Стратешка цел 1 (Вкупно 2026-2028, во % од млрд. денари)



Анализа по приоритети - Стратешка цел 1

2.1 Приоритет 1.1 – Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој

Приоритетот 1.1 е насочен кон програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој. Главен носител е Министерството за локална самоуправа преку програмата за интеграција во ЕУ. Проектираните средства за овој приоритет се стабилни со постепен раст во сите три години, од 2.495.776.099,00 денари во 2026 до 2.720.226.235,00 денари во 2028, со тригодишен збир од 7.816.601.029,00 денари. Учеството на овој приоритет во вкупните средства за СЦ1 изнесува 16.0%, со стабилно задржување на тоа ниво низ сите три години на проекцијата.

Табела 3 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Интеграција во ЕУ – Министерство за локална самоуправа	Министерство за локална самоуправа	2.495.776.099,00	2.600.598.695,00	2.720.226.235,00
Вкупно за приоритет		**2.495.776.099,00**	**2.600.598.695,00**	**2.720.226.235,00**

2.2 Приоритет 1.2 – Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот

Приоритетот 1.2 опфаќа обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот. Носител е Министерство за економија и труд. Учеството на овој приоритет во средствата за СЦ1 е релативно скромно, со тригодишен збир од 61.340.000 денари, односно само 0.1% од вкупните средства за СЦ1. Ова сознание укажува на потребата за значително зголемување на буџетската поддршка за стимулирање на приватните инвестиции во позаостанатите региони.

Табела 4 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија	Министерство за економија и труд	16.340.000,00	20.000.000,00	25.000.000,00
Вкупно за приоритет		**16.340.000,00**	**20.000.000,00**	**25.000.000,00**

Табелата 5 ја прикажува изразена концентрација на средствата во рамките на приоритетот, при што целокупниот буџет во сите три години (100,0%) е насочен кон Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија, која е единствена буџетска програма во рамките на овој приоритет.

Табела 5 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија	100.0%	100.0%	100.0%

2.3 Приоритет 1.3 – Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони

Приоритетот 1.3 претставува најголемата инвестициска компонента во рамките на Стратешката цел 1, со вкупен тригодишен износ од 18.647.861.651,00 денари, односно 38,2% од вкупните средства за СЦ1. Средствата се насочени кон развој на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура, со релативно рамномерна распределба по планските региони. Носители на активностите се повеќе институции, при што доминантна финансиска и оперативна улога има Јавно претпријатие за државни патишта, заедно со Министерството за транспорт и поврзаните јавни претпријатија. Високото учество на патната инфраструктура е во согласност со стратешката определба за подобрување на регионалната поврзаност и интеграција со националната мрежа. Сепак, ваквата структура на

распределба отвора прашање за оптималниот баланс меѓу капиталните инфраструктурни вложувања и инвестициите во останатите фактори на конкурентност и одржлив развој.

Како што се гледа од Табелата 6, најголемиот дел од средствата се концентрирани во Годишната програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта, додека останатите програми имаат значително помало поединечно учество, што дополнително ја потврдува доминантната позиција на патната инфраструктура во рамките на овој приоритет.

Табела 6 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Проект за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови (Министерство за образование и наука)	Министерство за образование и наука	20.743.073,00	21.614.283,00	22.608.539,00
Проект за поврзување на локални патишта – Светска Банка	Министерство за транспорт/Светска Банка	903.033.182,00	940.960.576,00	984.244.762,00
Програма за финансирање на железничката инфраструктура (Министерство за транспорт / Македонски железници – Инфраструктура)	Министерство за транспорт; Македонски железници Инфраструктура	593.046.738,00	617.954.701,00	646.380.617,00
Годишна програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта	Јавно претпријатие за државни патишта	4.421.768.000,00	4.607.482.256,00	4.819.426.440,00
Проект за изградба и развој на националниот гасоводен систем (АД НОМАГАС)	АД НОМАГАС / Национални енергетски ресурси	15.485.894,00	16.136.302,00	16.878.572,00
Програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност	Министерство за економија и труд/Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини	10.400,00	10.837,00	11.335,00
Програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото	Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини	10.400,00	10.837,00	11.335,00
Програма ТАВ (инвестиции во инфраструктура за нови вработувања и економски развој)	Министерство за транспорт/Кабинет ЗП	10.400,00	10.837,00	11.335,00
Вкупно за приоритет		**5.954.108.087,00**	**6.204.180.629,00**	**6.489.572.935,00**

Табелата 7 го прикажува процентуалното учество на поединечните буџетски програми во рамките на Приоритет 1.3 по години. Распределбата е речиси идентична во 2026, 2027 и 2028 година, што укажува на стабилна и однапред дефинирана структура на финансирање во рамките на приоритетот.

Годишната програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта убедливо доминира со 74,3% од средствата во сите три години, при што износот достигнува 4.819.426.440,00 денари во 2028 година. Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка учествува со 15,2%, додека програмата за финансирање на железничката инфраструктура има учество од 10,0%. Останатите програми како енергетската ефикасност на студентските домови и развојот на националниот гасоводен систем имаат симболично учество од по 0,3%, додека програмите за промоција на обновливи извори на енергија, субвенционирање на погонски гас и програмата ТАВ имаат занемарливо финансиско влијание. Ваквата структура покажува јасна ориентација кон патната инфраструктура, додека железничкиот сектор, и покрај неговото значење за одржлива мобилност и долгорочна регионална интеграција, има значително помал удел во вкупните инвестиции.

Табела 7 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Проект за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови (Министерство за образование и наука)	0.3%	0.3%	0.3%
Проект за поврзување на локални патишта -- Светска Банка	15.2%	15.2%	15.2%
Програма за финансирање на железничката инфраструктура (Министерство за транспорт / Македонски железници – Инфраструктура)	10.0%	10.0%	10.0%
Годишна програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта	74.3%	74.3%	74.3%
Проект за изградба и развој на националниот гасоводен систем (АД НОМАГАС)	0.3%	0.3%	0.3%

2.4 Приоритет 1.4 - Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништво и развојот на индустријата

Приоритетот 1.4 е насочен кон зајакнување на регионалниот пристап во креирањето политики за поддршка на претприемништвото, индустријата и туризмот. Носители на програмите се Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, Министерството за економија и труд, Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот и Министерството за култура и туризам. Вкупниот тригодишен износ за овој приоритет изнесува 1.402.925.685,00 денари, што претставува 2,9% од вкупните средства за Стратешката цел 1, што укажува на релативно ограничено финансиско учество во рамките на целината.

Од Табела 8 се гледа дека средствата се распределени меѓу пет програми, со умерен номинален раст по години. Најголем дел од средствата се насочени кон Годишната програма за работа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, додека поддршката на туризмот има значително, но второстепено учество. Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија располага со релативно ограничен износ во однос на останатите ставки. Во рамките на овој приоритет се опфатени и Програмата за развој на туризмот и Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија, чиј носител е Министерството за економија и труд.

Табела 8 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Годишна програма за работа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони	Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони	330.989.381,00	344.890.934,00	360.755.917,00
Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија	Министерство за економија и труд	7.000.000,00	7.294.000,00	7.629.524,00
Програма за промоција и поддршка на туризмот	Министерство за култура и туризам	106.510.976,00	110.984.437,00	116.089.721,00
Програма за развој на туризмот	Министерство за култура и туризам	1.842.219,00	1.919.592,00	2.007.893,00
Програма за развој на угостителството	Министерство за економија и труд	1.600.000,00	1.667.200,00	1.743.891,00
Вкупно за приоритет		**447.942.576,00**	**466.756.163,00**	**488.226.946,00**

Процентуалниот приказ во Табелата 9 дополнително ја потврдува оваа структура: Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони учествува со 73,9% од средствата во сите три години, Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот со 23,8%, додека инструментите за директна поддршка на конкурентноста на индустријата учествуваат со само 1,6%. Ваквата распределба укажува дека фокусот е ставен пред сè на зонскиот модел на индустриски развој и промоцијата на туризмот,

додека инструментите за поширока индустриска конкурентност имаат ограничена финансиска тежина. Програмата за развој на туризмот и Програмата за развој на угостителството во Република Северна Македонија учествуваат со по 0,4% од средствата на приоритетот.

Табела 9 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Годишна програма за работа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони	73.9%	73.9%	73.9%
Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија	1.6%	1.6%	1.6%
Програма за промоција и поддршка на туризмот	23.8%	23.8%	23.8%
Програма за развој на туризмот	0.4%	0.4%	0.4%
Програма за развој на угостителството	0.4%	0.4%	0.4%

2.5 Приоритет 1.5 – Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал

Приоритетот 1.5 е насочен кон унапредување на структурата на работната сила во планските региони и систематско инвестирање во човечкиот капитал како основа за долгорочен и инклузивен економски развој. Главен носител е Министерството за економија и труд, преку спроведување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување.

Како што е прикажано во Табела 10, вкупниот тригодишен износ за овој приоритет изнесува 5.382.736.035,00 денари, со учество од 11,0% во вкупните средства за Стратешката цел 1, со што претставува четврта по големина ставка во рамките на целта. Проекциите покажуваат континуиран пораст на средствата – од 1.718.663.124,00 денари во 2026 година на 1.873.225.936,00 денари во 2028 година – што укажува на засилен фокус кон активните мерки на пазарот на труд.

Имајќи ги предвид изразените регионални разлики во стапките на невработеност, ваквата динамика на финансирање е во директна функција на намалување на регионалните диспаритети и подобрување на вработливоста на населението.

Табела 10 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Оперативен план за активни програми и мерки за вработување	Министерство за економија и труд	1.718.663.124,00	1.790.846.975,00	1.873.225.936,00
Вкупно за приоритет		**1.718.663.124,00**	**1.790.846.975,00**	**1.873.225.936,00**

2.6 Приоритет 1.6 – Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони

Приоритетот 1.6 е насочен кон развој на земјоделството и руралните подрачја, врз основа на споредбените предности на планските региони. Носители на активностите се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, преку повеќе програми за директна и индиректна поддршка.

Како што е прикажано во Табела 11, вкупниот тригодишен износ за овој приоритет изнесува 13.515.083.982,00 денари, со учество од 27,7% во средствата на Стратешката цел 1, што го позиционира како втора по големина финансиска категорија во рамките на целта. Средствата бележат умерен номинален раст по години, од 4.315.254.603,00 денари во 2026 година на 4.703.334.081,00 денари во 2028 година. Најголемиот дел од средствата се концентрирани во Програмата за финансиска поддршка на земјоделието, додека останатите програми – рурален развој, ИПАРД 3, рибарство и аквакултура, шумарство и ловство, како и програмата за капитални субвенции за развој на планските

региони во областа на земјоделството имаат значително помала финансиска тежина. Ваквата структура укажува на доминантна ориентација кон директна поддршка на аграрот, со цел стабилизирање на приходите и продуктивноста во секторот.

Со оглед на економската важност на земјоделството во Вардарскиот, Источниот и Пелагонискиот регион, овие инвестиции имаат значајна улога во одржување на руралната економска активност, задржување на населението и намалување на регионалните развојни нерамнотежи.

Табела 11 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за финансиска поддршка во земјоделството	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	3.893.192.824,00	4.056.706.923,00	4.243.315.442,00
Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	97.063.200,00	101.139.854,00	105.792.288,00
Програма за проширена репродукција на шумите	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	20.922.512,00	21.801.258,00	22.804.115,00
Програма за развој и унапредување на ловството	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	647.088,00	674.266,00	705.282,00
Програма за финансиска поддршка на руралниот развој (Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој)	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	120.329.594,00	125.383.437,00	131.151.075,00
ИПАРД 3 -- инструмент за претпристапна помош	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	183.088.985,00	190.778.723,00	199.554.544,00
Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделието и руралниот развој	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	10.400,00	10.837,00	11.335,00
Вкупно за приоритет		**4.315.254.603,00**	**4.496.495.298,00**	**4.703.334.081,00**

Како што е прикажано во Табела 12, процентуалната распределба на средствата во рамките на Приоритет 1.6 е стабилна и непроменета во сите години од анализираниот период, што укажува на јасно дефинирана структура на финансирање. Доминантно учество има Програмата за финансиска поддршка во земјоделието, која апсорбира 90,2% од средствата во сите години, при што износот достигнува 4.243.315.442,00 денари во 2028 година. Сите останати програми имаат незначително релативно учество во вкупната структура, но ја прошируваат инвестициската поддршка на земјоделскиот сектор во планските региони.

Ваквата висока концентрација на средства во директните земјоделски плаќања укажува на приоритетно стабилизирање на примарното производство, но истовремено отвора прашање за потребата од посилно насочување кон структурни и инвестициони мерки (како ИПАРД и рурален развој), кои имаат потенцијал да создадат подолгорочни и трансформациски развојни ефекти во руралните региони.

Табела 12 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за финансиска поддршка во земјоделството	90.2%	90.2%	90.2%
Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата	2.2%	2.2%	2.2%
Програма за проширена репродукција на шумите	0.5%	0.5%	0.5%
Програма за развој и унапредување на ловството	0.0%	0.0%	0.0%
Програма за финансиска поддршка на руралниот развој (Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој)	2.8%	2.8%	2.8%
ИПАРД 3 – инструмент за претпристапна помош	4.2%	4.2%	4.2%
Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделието и руралниот развој	0.0%	0.0%	0.0%

2.7 Приоритет 1.7 Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус

Приоритетот 1.7 е насочен кон унапредување на заштитата на животната средина во планските региони, намалување на негативните еколошки влијанија и зголемување на отпорноста на климатските промени. Носители на активностите се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт.

Како што е прикажано во Табела 13, вкупните проектирани средства изнесуваат 638.907.617,00 денари во 2026 година, со постепен раст до 696.365.857,00 денари во 2028 година, односно тригодишен збир од 2.001.015.210,00 денари. Иако учеството на овој приоритет во вкупните средства за Стратешката цел 1 изнесува 4,1%, неговото стратешко значење ја надминува неговата буџетска тежина, имајќи предвид дека управувањето со водните ресурси, заштитата на природата и инвестициите во животната средина претставуваат основни предуслови за одржлив регионален развој.

Структурата на распределбата покажува дека најголем дел од средствата се насочени кон водостопанството и управувањето со водите, додека останатите програми – заштита на природата, инвестиции во животна средина и заемот од ЕИБ за водоснабдување и одведување отпадни води – имаат дополнителна, но значајна улога во зајакнување на еколошката инфраструктура и климатската адаптација.

Табела 13 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за водостопанство	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	254.402.901,00	265.087.822,00	277.281.862,00
Програма за управување со водите	Министерството за животна средина и просторно	252.281.771,00	262.877.605,00	274.969.975,00

	планирање			
Програма за заштита на природата	Министерството за животна средина и просторно планирање	17.566.641,00	18.304.440,00	19.146.445,00
Заем ЕИБ -- Водоснабдување и одведување отпадни води	Министерство за транспорт	51.757.259,00	53.931.064,00	56.411.893,00
Програма за инвестирање во животна средина	Министерство за животна средина и просторно планирање	62.899.045,00	65.540.805,00	68.555.682,00
Вкупно за приоритет		**638.907.617,00**	**665.741.736,00**	**696.365.857,00**

Како што е прикажано во Табела 14, процентуалната распределба на средствата во рамките на Приоритет 1.7 е стабилна во текот на целиот анализиран период, што укажува на конзистентна структура на финансирање по програми.

Најголем дел од средствата се концентрирани во водостопанските програми, при што Програмата за водостопанство учествува со 39,8%, а Програмата за управување со водите со 39,5%, односно заедно апсорбираат околу 79,3% од вкупниот буџет на приоритетот. Оваа концентрација ја нагласува централната улога на управувањето со водните ресурси во рамките на еколошките политики.

Покрај нив, Програмата за инвестирање во животна средина учествува со 9,8%, додека заемот од ЕИБ за водоснабдување и одведување отпадни води има удел од 8,1%, што ја потврдува значајната улога на меѓународното финансирање во реализацијата на инфраструктурни еколошки проекти. Останатите програми имаат помал, но комплементарен придонес во заштитата на природата и подобрувањето на еколошката одржливост.

Табела 14 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за водостопанство	39.8%	39.8%	39.8%
Програма за управување со водите	39.5%	39.5%	39.5%
Програма за заштита на природата	2.7%	2.7%	2.7%
Заем ЕИБ -- Водоснабдување и одведување отпадни води	8.1%	8.1%	8.1%
Програма за инвестирање во животна средина	9.8%	9.8%	9.8%

III. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: АТРАКТИВНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ СО УНАПРЕДЕНИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ, ЕФЕКТИВЕН ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД, ОБЕЗБЕДЕН ПОВИСОК СТЕПЕН НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЕФЕКТИВНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА НАЈРАНЛИВИТЕ ГРУПИ ОД НАСЕЛЕНИЕТО

Стратешката цел 2 е насочена кон подобрување на квалитетот на живот во планските региони преку вложувања во социјалната кохезија, образованието, просторното планирање и намалувањето на инфраструктурните диспаритети. Анализата покажува дека најголем дел од средствата се насочени кон образованието и инфраструктурниот развој, додека за приоритетите поврзани со родовата еднаквост и поддршката на недоволно развиените и депопулационите подрачја не се предвидени директни буџетски алокации во анализираниот период.

Финансиската рамка за реализација на СЦ2 покажува континуиран раст на средствата: од 2.026.649.640,15 денари во 2026 година, на 2.111.008.179,03 денари во 2027 година, до 2.209.168.357,27 денари во 2028 година. Вкупниот тригодишен износ достигнува 6.346.826.176,45 денари. Најголем дел од средствата се насочени кон инфраструктурата за култура, спорт, рекреација и противпожарна заштита, како и кон образованието усогласено со регионалните специфики и потребите на пазарот на труд, што укажува на силна развојна и социјална компонента на целта.

Табела 15 - Вкупни средства за Стратешката цел 2 по приоритети (во денари)

Приоритет	2026 (MKD)	2027 (MKD)	2028 (MKD)	Вкупно 2026-2028
2.1 Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби	---	---	---	---
2.2 Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање	54.930.697,00	57.237.787,00	59.870.725,00	**172.039.209,00**
2.3 Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони	494.962.302,00	514.989.972,00	539.733.311,00	**1.549.685.585,00**
2.4 Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони	---	---	---	---
2.5 Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд	631.723.116,00	658.255.486,00	688.535.239,00	**1.978.513.841,00**
2.6 Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита	845.033.526,00	880.524.934,00	921.029.080,00	**2.646.587.540,00**
ВКУПНО ЗА СТРАТЕШКА ЦЕЛ	**2.026.649.640,15**	**2.111.008.179,03**	**2.209.168.357,27**	**6.346.826.176,45**

Анализата на процентуалната распределба на средствата во рамки на СЦ2 во Табелата 16 покажува висока концентрација на буџетот во два приоритети. Приоритет 2.6 (Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита) учествува со 41,7% во сите три години, додека Приоритет 2.5 (Развој на основното и средното образување според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд) има стабилно учество од 31,2%. Заедно, овие два приоритети апсорбираат 72,9% од вкупните средства на СЦ2, што укажува на доминантна ориентација кон човечки капитал и инфраструктурни вложувања.

Приоритет 2.3 (Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони)

има умерено, но значајно учество од 24,4%, што обезбедува континуитет на социјалната компонента во рамки на целта. Наспроти тоа, Приоритет 2.2 (Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање) учествува со 2,7% годишно, што претставува релативно ограничена алокација во однос на неговата стратешка важност за долгорочен и балансиран регионален развој.


Табела 16 - Процентуално учество на приоритетите во СЦ2 по години

Приоритет	% во 2026	% во 2027	% во 2028
2.1 Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби	---	---	---
2.2 Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање	2.7%	2.7%	2.7%
2.3 Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони	24.4%	24.4%	24.4%
2.4 Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони	---	---	---
2.5 Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд	31.2%	31.2%	31.2%
2.6 Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита	41.7%	41.7%	41.7%

Воедно, за Приоритетите 2.1 (Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби) и 2.4 (Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони) не се евидентирани директни буџетски средства во анализираниот период. Оваа структура на распределба укажува на јасно фокусирање кон образовни и инфраструктурни интервенции, но отвора прашање за степенот на финансиска поддршка на демографските, родовите и територијално најранливите сегменти во рамки на СЦ2.

Графиконот 5 ги илустрира трендовите на раст на клучните приоритети во периодот 2026–2028 година и ја потврдува структурната распределба на средствата утврдена во претходната анализа. Кај приоритетите со директно евидентирани буџетски средства се забележува номинален пораст на планираните средства во периодот 2026–2028 година. Најголемо апсолутно зголемување на средствата е предвидено кај Приоритет 1.3 – Развој на транспортната инфраструктура, по што следуваат Приоритет 1.6 – Развој на земјоделството и руралниот развој и Приоритет 1.5 – Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал. Ваквата динамика укажува на континуирано зголемување на финансиската поддршка во текот на програмскиот период, при задржување на доминантното учество на инфраструктурните и развојните приоритети во вкупната финансиска рамка.

Графикон 5 — Трендови на раст на клучните приоритети на стратешките цели 1 и 2 (2026–2028) во млрд. денари



И покрај тоа што процентуалната структура останува речиси непроменета по години, графиконот покажува дека растот е пропорционален, а не структурно трансформативен. Со други зборови, доминантните приоритети ја задржуваат својата висока позиција, додека приоритетите со пониско учество не бележат значајно зголемување. Ова укажува дека во анализираниот период политиката се темели на континуитет и постепено зголемување на постојните алокации, наместо на пренасочување на ресурсите кон помалку финансираните приоритети.

Анализа по приоритети - Стратешка цел 2

3.1 Приоритет 2.1 - Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби

Овој приоритет е насочен кон поддршка на недоволно развиените, депопулационите и подрачјата со специфични развојни потреби. Во проекцијата за 2026–2028 година не се предвидени буџетски средства, туку активностите се реализираат преку мерки во рамки на други приоритети, особено 1.5, 1.6 и 2.3. Во наредниот период потребно е појасно и посистематско издвојување на средства наменети за овие подрачја, со цел зголемена транспарентност и подобар мониторинг на буџетската поддршка за овој приоритет.

3.2 Приоритет 2.2 - Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање

Приоритетот 2.2 е насочен кон воспоставување и унапредување на современ систем на просторно планирање со изразена регионална компонента. Носител на буџетските програми е Министерството за транспорт, преку финансирање на изработка на урбанистички планови и Просторниот план на Република Северна Македонија. Иако финансиското учество на овој приоритет е релативно ниско (2,7% од средствата на СЦ2), неговата улога е стратешка, бидејќи обезбедува нормативна и планска основа за реализација на останатите развојни инвестиции на национално и регионално ниво. Средствата бележат умерен раст од 54.930.697,00 денари во 2026 година на 59.870.725,00 денари во 2028 година, при што вкупниот тригодишен износ достигнува 172.039.209,00 денари.

Табела 17 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови	Министерство за транспорт	19.404.614,00	20.219.608,00	21.149.710,00
Програма за финансирање на просторен план на Република Македонија	Министерство за транспорт	35.526.083,00	37.018.179,00	38.721.015,00
Вкупно за приоритет		**54.930.697,00**	**57.237.787,00**	**59.870.725,00**

Во рамките на овој приоритет, Програмата за Просторен план на Република Северна Македонија има доминантно учество од 64,7% од вкупните средства, додека Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови учествува со 35,3%. Оваа распределба укажува на фокус кон стратешкото, национално ниво на планирање, при истовремена поддршка на подготовката на локалната урбанистичка документација. Сепак, апсолутниот обем на средствата останува релативно низок во споредба со инфраструктурните инвестиции во рамки на другите приоритети.

Табела 18 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови	35.3%	35.3%	35.3%
Програма за финансирање на просторен план на Република Македонија	64.7%	64.7%	64.7%

3.3 Приоритет 2.3 - Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони

Приоритетот 2.3 е насочен кон јакнење на социјалната кохезија меѓу и во рамките на планските региони преку инвестиции во здравствената, социјалната и дел од јавната инфраструктура. Носители на програмите се Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за култура и туризам. Буџетските активности опфаќаат реконструкција и доградба на јавни здравствени установи, изградба и опремување на објекти за детска заштита, развој на капацитети за социјална заштита, подобрување на социјалните услуги, изградба, продажба и одржување на станбен простор, како и финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите. Средствата бележат континуиран раст од 494.962.302,00 денари во 2026 година на 539.733.311,00 денари во 2028 година, при што вкупниот тригодишен износ достигнува 1.549.685.585,00 денари. Со учество од 24,4% во вкупните средства за СЦ2, овој приоритет претставува трета по големина финансиска компонента во рамките на оваа стратешка цел.

Табела 19 - Буџетски програми и проектирани средства по години (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за капитални дотации до Единици на локалната самоуправа во областа на културата (Министерство за култура и туризам)	Министерство за култура и туризам	53.924.000,00	56.188.808,00	58.773.493,00
Проект за реконструкција и доградба на јавни здравствени установи (Министерство за здравство)	Министерство за здравство	287.827.922,00	299.916.694,00	313.712.862,00
Програма за изградба и опремување на објекти за детска заштита (Министерство за социјална политика, демографија и млади)	Министерство за социјална политика, демографија и млади	74.830.335,00	77.973.209,00	81.559.976,00
Програма за изградба на објекти за социјална заштита и домови за стари лица (Министерство за социјална политика, демографија и млади)	Министерство за социјална политика, демографија и млади	16.725.700,00	17.428.179,00	18.229.875,00
Проект за подобрување на социјалните услуги (Министерство за социјална политика, демографија и млади)	Министерство за социјална политика, демографија и млади	43.530.945,00	45.359.245,00	47.445.770,00
Годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија	Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје	10.400,00	10.837,00	11.335,00
Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите[1]	/	18.113.000,00	18.113.000,00	20.000.000,00
Вкупно за приоритет		**494.962.302,00**	**514.989.972,00**	**539.733.311,00**

Структурата на распределба во рамки на Приоритетот 2.3 покажува изразена доминација на Проектот за реконструкција и доградба на јавни здравствени установи, со учество од 58,2% во 2026 и 2027 година и 58,1% во 2028 година. Во апсолутен износ, средствата достигнуваат 313.712.862,00 денари во 2028 година, што го позиционира здравствениот сегмент како централна компонента на приоритетот. Втора по големина е Програмата за изградба и опремување на објекти за детска заштита со учество од 15,1%, додека Проектот за подобрување на социјалните услуги учествува со 8,8%. Останатите средства се распределени кон културни дотации, инфраструктура за социјална заштита и домови за стари лица,

[1] Износот за 2026 година е согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на РСМ" бр. 253/25 од 17.12.2025 година), додека проектираните износи за 2027 и 2028 година се согласно Фискалната стратегија 2027–2031.

Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбен простор и програмските активности на здруженијата и фондациите. Ваквата структура укажува на јасна стратешка ориентација кон јакнење на здравствената инфраструктура како инструмент за намалување на регионалните диспаритети во пристапот до основни јавни услуги, особено во помалку развиените средини.

Табела 20 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за капитални дотации до Единици на локалната самоуправа во областа на културата	10.9%	10.9%	10.9%
Проект за реконструкција и доградба на јавни здравствени установи	58.2%	58.2%	58.1%
Програма за изградба и опремување на објекти за детска заштита	15.1%	15.1%	15.1%
Програма за изградба на објекти за социјална заштита и домови за стари лица (Министерство за социјална политика, демографија и млади)	3.4%	3.4%	3.4%
Проект за подобрување на социјалните услуги	8.8%	8.8%	8.8%
Годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија	0.0%	0.0%	0.0%
Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите	3.7%	3.5%	3.7%

3.4 Приоритет 2.4 - Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони

Приоритетот 2.4 е насочен кон обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони. Слично на Приоритет 2.1, во тековната проекција не се идентификувани посебни буџетски програми за директна поддршка на овој приоритет. Активностите за родова еднаквост се вградени во програмите на повеќе министерства, особено Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Потребно е систематско собирање на родово-дезагрегирани буџетски податоци за да се обезбеди соодветно следење и оценување на средствата наменети за постигнување родова еднаквост по региони.

3.5 Приоритет 2.5 - Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд

Приоритетот 2.5 е насочен кон унапредување на образовната инфраструктура и стандардот во основното и средното образование, усогласено со регионалните специфики и потребите на пазарот на труд. Носител на најголемиот дел од програмите е Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади во делот на поддршка на младите. Буџетските средства опфаќаат ученички и студентски стандард, поддршка на инклузивни политики, како и изградба и реконструкција на основни и средни училишта. Средствата бележат континуиран раст од 631.723.116,00 денари во 2026 година на 688.535.239,00 денари во 2028 година, при што вкупниот тригодишен износ достигнува 1.978.513.841,00 денари. Со учество од 31,2% во рамки на СЦ2, овој приоритет претставува втора по големина финансиска компонента и има клучна улога во намалување на образовните диспаритети меѓу регионите, особено во руралните и помалку развиените средини.

Табела 21 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за ученички стандард	Министерство за образование и наука	58.771.768,00	61.240.182,00	64.057.230,00
Програма за поддршка на имплементација на Декадата за Ромите	Министерство за образование и наука	21.569.600,00	22.475.523,00	23.509.397,00

Програма за студентски стандард	Министерство за образование и наука	170.396.874,00	177.553.543,00	185.721.006,00
Програма за финансиска поддршка на проекти за млади	Министерство за образование и наука; Министерство за социјална политика, демографија и млади	233.219,00	243.014,00	254.193,00
Програма за изградба и реконструкција на средни училишта	Министерство за образование и наука	115.336.652,00	120.180.791,00	125.709.108,00
Програма за изградба и реконструкција на основни училишта (Министерство за образование и наука)	Министерство за образование и наука	265.415.003,00	276.562.433,00	289.284.305,00
Вкупно за приоритет		**631.723.116,00**	**658.255.486,00**	**688.535.239,00**

Структурата на распределба во рамките на Приоритетот 2.5 покажува дека Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта има најголемо учество од 42,0% во сите анализирани години, при што средствата достигнуваат 289.284.305,00 денари во 2028 година. Ова ја позиционира основната образовна инфраструктура како централна компонента на приоритетот. Програмата за студентски стандард учествува со 27,0%, додека изградбата и реконструкцијата на средни училишта има стабилно учество од 18,3%. Помало, но значајно место има и Програмата за поддршка на имплементација на Декадата за Ромите (3,4%), која адресира специфични аспекти на образовната инклузија. Ваквата распределба укажува на фокус кон јакнење на инфраструктурната и социјалната основа на образовниот систем, со акцент на намалување на регионалните и социјалните нееднаквости.

Табела 22 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за ученички стандард (Министерство за образование и наука)	9.3%	9.3%	9.3%
Програма за поддршка на имплементација на Декадата за Ромите (Министерство за образование и наука)	3.4%	3.4%	3.4%
Програма за студентски стандард (Министерство за образование и наука)	27.0%	27.0%	27.0%
Програма за финансиска поддршка на проекти за млади (Министерство за образование и наука / Министерство за социјална политика, демографија и млади)	0.0%	0.0%	0.0%
Програма за изградба и реконструкција на средни училишта (Министерство за образование и наука)	18.3%	18.3%	18.3%
Програма за изградба и реконструкција на основни училишта (Министерство за образование и наука)	42.0%	42.0%	42.0%

3.6 Приоритет 2.6 - Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита

Приоритетот 2.6 е насочен кон намалување на инфраструктурните разлики меѓу планските региони во областа на културата, спортот и рекреацијата. Носители на програмите се Министерството за спорт, Министерството за образование и наука и Министерството за култура и туризам, преку инвестиции во спортски објекти, национални установи од областа на културата и училишна спортска инфраструктура.

Средствата бележат континуиран раст од 845.033.526,00 денари во 2026 година на 921.029.080,00 денари во 2028 година. Вкупниот тригодишен износ надминува 2,5 милијарди денари, а учеството од 41,7% го позиционира овој приоритет како најголема буџетска компонента во рамки на СЦ2. Инвестициите во културна и спортска инфраструктура имаат значајна улога во зголемување на атрактивноста и квалитетот на живеење во регионите, што е особено релевантно во услови на изразени демографски предизвици во повеќето плански региони.

Табела 23 - Буџетски програми и проектирани средства (во денари)

Буџетска програма	Институција	2026 (4%)	2027 (4,2%)	2028 (4,6%)
Програма за изградба и реконструкција на спортски објекти	Министерство за спорт	53.433.326,00	55.677.526,00	58.238.692,00
Програма за изградба и реконструкција на национални установи во областа на културата	Министерство за култура и туризам	456.501.698,00	475.674.769,00	497.555.808,00
Проект за изградба и опремување на 145 спортски сали и рехабилитација на училишта	Министерство за образование и наука	324.313.702,00	337.934.877,00	353.479.881,00
Програма за развој на спорт и млади	Министерство за спорт	10.784.800,00	11.237.762,00	11.754.699,00
Вкупно за приоритет		**845.033.526,00**	**880.524.934,00**	**921.029.080,00**

Во рамки на Приоритетот 2.6, Програмата за изградба и реконструкција на национални установи во областа на културата има најголемо учество од 54,0% во сите анализирани години, при што средствата достигнуваат 497.555.808,00 денари во 2028 година. Ова ја потврдува доминантната ориентација кон културната инфраструктура на национално ниво.

Проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали и рехабилитација на училишта учествува со 38,4%, додека Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти има учество од 6,3%. Инвестицијата во 145 спортски сали претставува интегриран пристап, со оглед дека истовремено придонесува за подобрување на образовната и спортската инфраструктура, со потенцијал да ги намали регионалните нееднаквости во пристапот до овие јавни услуги.

Табела 24 - Процентуално учество на програмите во приоритетот по години

Буџетска програма	% во 2026	% во 2027	% во 2028
Програма за изградба и реконструкција на спортски објекти	6.3%	6.3%	6.3%
Програма за изградба и реконструкција на национални установи во областа на културата	54.0%	54.0%	54.0%
Проект за изградба и опремување на 145 спортски сали и рехабилитација на училишта	38.4%	38.4%	38.4%
Програма за развој на спорт и млади	1.3%	1.3%	1.3%

IV. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ЗНАЧИТЕЛНО ЗАЈАКНАТА ПОЛИТИКА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, ПОДОБРЕНИ ФИНАСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА НЕЈЗИНО СПРОВЕДУВАЊЕ И ИЗГРАДЕНИ АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ЦЕНТРАЛНО, РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Стратешката цел 3 е насочена кон значително зајакнување на политиката за регионален развој, подобрување на финансиските инструменти за нејзино спроведување и изградба на административни капацитети на централно, регионално и локално ниво. Во тековната проекција за периодот 2026–2028, за Стратешката цел 3 не е предвидена поддршка преку директни буџетски програми. Ова е во до некаде и во согласност со природата на оваа стратешка цел која е во голема мера институционална, административна и регулаторна.

Приоритетите 3.1 (Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој), 3.2 (Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати) и 3.3 (Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети) се реализираат преку тековните административни активности на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, со поддршка од меѓународни донатори и ИПА фондови. Сепак отсуството на посебни буџетски линии за институционална поддршка, мониторинг и евалуација го отежнува следењето на резултатите и ефикасноста на политиките за регионален развој. Затоа ова би требало да биде унапредено во наредниот програмски циклус.

Приоритет	2026 (MKD)	2027 (MKD)	2028 (MKD)	Вкупно 2026-2028
3.1 Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој	—	—	—	—
3.2 Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати	—	—	—	—
3.3 Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети	—	—	—	—
ВКУПНО ЗА СТРАТЕШКА ЦЕЛ	—	—	—	—

ДЕЛ III ПОВРЗУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ПРОГРАМИ СО МЕРКИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во третиот дел од програмата е направено поврзување на стратешките приоритети, буџетските програми и мерки. Овој дел претставува аналитички сегмент кој ги поврзува буџетските програми на надлежните институции со конкретните мерки утврдени во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021–2031 и нивното операционализирање во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година.

Основна цел на поврзувањето е да се воспостави транспарентна, квантитативно верификувана врска помеѓу финансиските проекции по буџетски програми и стратешките мерки дефинирани за остварување на стратешките цели. На тој начин, се овозможува следење на тоа кои мерки добиваат финансирање, во кој обем и преку кои институционални инструменти. Анализата опфаќа вкупно 47 буџетски програми и проекти, распоредени во 13 приоритети во рамките на Стратешките цели 1 и 2, со вкупна финансиска проекција за периодот 2026–2028 од 55.174.389.768,45 денари, додека за приоритетите во рамките на Стратешката цел 3 не се идентификувани директни буџетски програми.

Поврзувањето е извршено врз основа на тематска и институционална анализа. Применет е принципот на рамномерна распределба: доколку една програма тематски придонесува кон повеќе мерки, нејзините средства се делат рамномерно меѓу поврзаните мерки, обезбедувајќи математичка конзистентност. Поврзувањето на буџетските програми и проекти со мерките на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 во овој дел има аналитички карактер и служи за утврдување на нивниот финансиски придонес кон реализацијата на конкретните мерки. Аналитичкото припишување на средства кон мерките не претставува промена или прекласификација на формалната буџетска припадност на програмите по приоритети. Финансиската распределба по приоритети се утврдува според директната припадност на буџетските програми и проекти, како што е прикажано во Дел II и консолидирано во Табела 34."

Финансиска рамка по стратешки цели

Вкупните проектирани средства за периодот 2026–2028 изнесуваат 55.174.389.768,45 денари, распоредени во рамките на двете стратешки цели на Стратегијата за регионален развој **на Република Северна Македонија** 2021-2031. Стратешката цел 1 (СЦ1), насочена кон порамномерен економски развој на плански региони, апсорбира речиси 88.5% од вкупниот буџет со 48.827.563.592,00 денари. Стратешката цел 2 (СЦ2), ориентирана кон атрактивноста на регионите и квалитетот на локалните услуги, учествува со 11.5%, односно 6.346.826.176,45 денари. Стратешката цел 3 (СЦ3) не е поддржана директно со финансиски средства во проектираниот период.

Доминацијата на СЦ1 во структурата на буџетот е очекувана, бидејќи таа ги опфаќа капитално-интензивните инвестиции во патна, телекомуникациска, енергетска и земјоделска инфраструктура. Сепак, релативно скромното учество на СЦ2 (11,5%) укажува на потребата за зголемување на средствата наменети за социјалната кохезија, образованието и атрактивноста на регионите во наредните програмски периоди. Табелата подолу ги прикажува годишните проекции за 2026, 2027 и 2028 по стратешки цели, со јасно видлив тренд на умерен раст меѓу годините.

Табела 25 - Вкупни проектирани средства по стратешки цели (2026–2028, во илјади денари)

Стратешка цел	2026 (МКД)	2027 (МКД)	2028 (МКД)	Вкупно (МКД)
СЦ1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции	15.586.992	16.244.619	16.995.952	48.827.564
СЦ2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на	2.026.650	2.111.008	2.209.168	6.346.826

најранливите групи од населението				
СЦ 3. Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво	-	-	-	-
ВКУПНО	**17.613.642**	**18.355.628**	**19.205.120**	**55.174.390**

Стратешка цел 1 – Буџетски програми по приоритети

Стратешката цел 1 опфаќа 7 приоритети и 28 буџетски програми и проекти со вкупен тригодишен обем од 48.827.563.592 денари. Табелата подолу ги прикажува сите програми групирани по приоритет, со назначена институција-носител и вкупен финансиски обем за тригодишниот период. Доминантна позиција зазема Приоритетот 1.3 (Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони) со 38,2% од средствата на СЦ1, пред сè поради Годишната програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта која сама по себе учествува со 74% во овој приоритет. Приоритетот 1.6 (Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони) е на второто место со 27,7%, каде програмата за директни плаќања на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој апсорбира 90% од средствата на приоритетот; приоритетот е прошерен со Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството (П1.6-7). Особено скромно учество покажува Приоритетот 1.2 (Обезбедување поширoки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот) со само 0,1%, што укажува на значителна можност за зголемување на поддршката за приватниот сектор во понеразвиените региони.

Табела 26 - Буџетски програми на Стратешка цел 1 по приоритети (2026–2028)

(во илјади денари)

Код	Буџетска програма / Проект	Институција	2026	2027	2028	Вкупно
Приоритет 1.1 – Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој						
П1.1-1	Интеграција во ЕУ – Министерство за локална самоуправа	Министерство за локална самоуправа	2.495.776	2.600.599	2.720.226	7.816.601
Приоритет 1.2 – Обезбедување поширoки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот						
П1.2-2	Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија	Министерство за економија и труд	16.340	20.000	25.000	61.340
Приоритет 1.3 – Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони						
П1.3-1	Проект за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови (Министерство за образование и наука) во Република Северна Македонија	Министерство за образование и наука	20.743	21.614	22.609	64.966
П1.3-2	Проект за поврзување на локални патишта во Република Северна Македонија, проект финансиски поддржан од Светска Банка	Министерство за транспорт/Светска Банка	903.033	940.961	984.245	2.828.239
П1.3-3	Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура	Министерство за транспорт/Македонски железници	593.047	617.955	646.381	1.857.382
П1.3-4	Годишна програма за работа на Јавно претпријатие за државни патишта	Јавно претпријатие за државни патишта	4.421.768	4.607.482	4.819.426	13.848.677
П1.3-5	Проект за изградба и развој на националниот гасоводен систем во Република Северна Македонија	АД НОМАГАС/Национални енергетски ресурси	15.486	16.136	16.879	48.501
П1.3-8	Програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата	Министерство за економија и труд/Министерство за енергетика, рударство и	10	11	11	33

		минерални суровини				
П1.3-9	Програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото	Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини	10	11	11	33
П1.3-10	Програма ТАВ (инвестиции во инфраструктура за нови вработувања и економски развој)	Министерство за транспорт	10	11	11	33
Приоритет 1.4 – Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата						
П1.4-1	Годишна програма за работа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони за 2024 година	Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони	330.989	344.891	360.756	1.036.636
П1.4-2	Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност	Министерство за економија и труд	7.000	7.294	7.630	21.924
П1.4-3	Програма за промоција и поддршка на туризмот	Министерство за култура и туризам	106.511	110.984	116.090	333.585
П1.4-4	Програма за развој на туризмот во Република Северна МАкедонија	Министерство за култура и туризам	1.842	1.920	2.008	5.770
П1.4-5	Програма за развој на угостителството во Република Северна Македонија	Министерство за економија и труд	1.600	1.667	1.744	5.011
Приоритет 1.5 – Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал						
П1.5-1	Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот	Министерство за економија и труд	1.718.663	1.790.847	1.873.226	5.382.736
Приоритет 1.6 – Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони						
П1.6-1	Програма за финансиска поддршка во земјоделството	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	3.893.193	4.056.707	4.243.315	12.193.215
П1.6-2	Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	97.063	101.140	105.792	303.995
П1.6-3	Програма за проширена репродукција на шумите	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	20.923	21.801	22.804	65.528
П1.6-4	Програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	647	674	705	2.027
П1.6-5	Програма за финансиска поддршка на руралниот развој	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и	120.330	125.383	131.151	376.864

		руралниот развој				
П1.6-6	ИПАРД 3 – инструмент за претпристапна помош	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство/Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој/ЕУ	183.089	190.779	199.555	573.422
П1.6-7	Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделието и руралниот развој	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	10	11	11	33
Приоритет 1.7 – Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус						
П1.7-1	Програма за водостопанство	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	254.403	265.088	277.282	796.773
П1.7-2	Програма за управување со водите	Министерството за животна средина и просторно планирање	252.282	262.878	274.970	790.129
П1.7-3	Програма за заштита на природата	Министерството за животна средина и просторно планирање	17.567	18.304	19.146	55.018
П1.7-4	Закон за задолжување на РМ со заем кај Европската инвестициона банка по договор за заем по проектот „Водоснабдување и обведување отпадни води	Министерство за транспорт/ЕИБ	51.757	53.931	56.412	162.100
П1.7-5	Програма за инвестирање во животна средина	Министерство за животна средина и просторно планирање	62.899	65.541	68.556	196.996
	ВКУПНО СЦ1		15.586.992	16.244.619	16.995.952	48.827.564

Стратешка цел 2 – Буџетски програми по приоритети

Стратешката цел 2 опфаќа шест приоритети и 19 буџетски програми со вкупен тригодишен финансиски обем од 6.346.826.176,45 денари. Во табелата програмите се систематизирани по приоритети, со наведување на надлежните институции и предвидениот финансиски обем. Потребно е да се нагласи дека два приоритети – 2.1 (Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби) и 2.4 (Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони) во тековната програма немаат директно дефинирани буџетски линии. Нивната финансиска поддршка се обезбедува индиректно преку тематски сродни програми, како што се Оперативниот план на Агенција за вработување на Република Северна Македонија за мерки во депопулациони подрачја и за вработување на жени, ИПАРД III програмата за рурален развој, како и Програмата за поддршка на мали и средни претпријатија насочена кон жени-претприемачи. Од аспект на финансиската распределба, најголем удел во вкупниот обем на Стратешката цел 2 имаат Приоритетот 2.6 (Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита) со 41,7%, како и Приоритетот 2.5 (Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд) со 31,2%, што укажува на силна насоченост на јавните инвестиции кон унапредување на образовната и социокултурната инфраструктура.

Табела 27 - Буџетски програми на Стратешка цел 2 по приоритети (2026-2028)

(во илјади денари)

Код	Буџетска програма / Проект	Институција	2026	2027	2028	Вкупно
Приоритет 2.1 – Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулациони подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби						
-	-	-	-	-	-	-
Приоритет 2.2 – Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање						
П2.2-1	Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови	Министерство за транспорт	19.405	20.220	21.150	60.774
П2.2-2	Годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија	Министерство за транспорт	35.526	37.018	38.721	111.265
Приоритет 2.3 – Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони						
П2.3-1	Програма за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата	Министерство за култура и туризам	53.924	56.189	58.773	168.886
П2.3-2	Проектот за Реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија	Министерство за здравство	287.828	299.917	313.713	901.457
П2.3-3	Програма за изградба и опремување на објекти за детска заштита	Министерство за социјална политика, демографија и млади	74.830	77.973	81.560	234.364
П2.3-4	Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица	Министерство за социјална политика, демографија и млади	16.726	17.428	18.230	52.384
П2.3-5	Проект за подобрување на социјалните услуги	Министерство за социјална политика, демографија и млади	43.531	45.359	47.446	136.336
П2.3-6	Годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија	Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје	10	11	11	33
П2.3-7	Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите	/	18.113	18.113	20.000	56.226
Приоритет 2.4 – Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони						
-	-	-	-	-	-	-
Приоритет 2.5 – Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд						
П2.5-1	Програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард	Министерство за образование и наука	58.772	61.240	64.057	184.069
П2.5-2	Програма за поддршка на имплементација на декадата и стратегија за ромите	Министерство за образование и наука	21.570	22.476	23.509	67.555
П2.5-3	Програма за остварување и развој на дејноста во студенски стандард	Министерство за образование и наука	170.397	177.554	185.721	533.671
П2.5-4	Програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации	Министерство за образование и наука/Министерство за социјална политика, демографија и млади	233	243	254	730
П2.5-5	Програма за изградба и реконструкција на средни училишта	Министерство за образование и наука	115.337	120.181	125.709	361.227

П2.5-6	Програма за изградба и реконструкција на основни училишта	Министерство за образование и наука	265.415	276.562	289.284	831.262
Приоритет 2.6 – Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита						
П2.6-1	Програма за изградба и реконструкција на спортски објекти	Министерство за спорт	53.433	55.678	58.239	167.350
П2.6-2	Програма за измена на програмата изградба на нови, реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата	Министерство за култура и туризам	456.502	475.675	497.556	1.429.732
П2.6-3	Проект Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во РСМ	Министерство за образование и наука	324.314	337.935	353.480	1.015.728
П2.6-4	Програма за развој на спорт и млади за 2024 година	Министерство за спорт, Министерство за социјална политика, демографија и млади	10.785	11.238	11.755	33.778
	ВКУПНО СЦ2		**2.026.650**	**2.111.008**	**2.209.168**	**6.346.826**

Поврзување на програмите со мерките – Стратешка цел 1

Табелата бр. 28 ја претставува централната компонента на аналитичката постапка: за секоја од 18-те мерки во рамките на Стратешката цел 1 е прикажано преку кои буџетски програми се обезбедува нивното финансирање и во кој вкупен износ. Во случаите кога една буџетска програма придонесува за реализација на повеќе мерки, вкупниот буџет на програмата е распределен рамномерно меѓу сите релевантни мерки. Од анализата може да се забележи дека мерката за транспортна инфраструктура (М1.3.1) располага со највисоки предвидени финансиски средства, опфаќајќи ги инвестициите на Јавно претпријатие за државни патишта, Македонски железници и средствата обезбедени од Светска банка. Наспроти тоа, мерките за стимулација на приватните инвестиции кон понеразвиените плански региони и подобрување на условите за отпочнување на бизнис (М1.2.1 и М1.2.2) се финансирани со помал обем на средства. Мерките за кои не е идентификувана поврзана буџетска програма се означени со „—" и нулта вредност. Вака распределените износи претставуваат аналитичко припишување на финансискиот придонес на програмата кон соодветните мерки и не ја менуваат нејзината формална буџетска припадност кон приоритетот во кој е евидентирана во Дел II.

Табела 28 - Мерки на СЦ1 со поврзани програми и распределени средства (2026–2028) (во илјади денари)

Шифра	Мерка	Поврзани програми	2026	2027	2028	Вкупно
Приоритет 1.1 – Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој						
М1.1.1	Спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031 (интегрално)	П1.1-1	831.926	866.867	906.742	2.605.535
М1.1.2	Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој (*) во поглед на издвојување на средствата за регионален развој најмалку во висина од 1% од БДП	П1.1-1	831.925	866.866	906.742	2.605.533
М1.1.3	Усогласување на јавните инвестиции од Буџетот на Влада и Буџетите на Единици на локалната самоуправа со приоритетите на Стратегијата за регионален развој	П1.1-1	831.925	866.866	906.742	2.605.533
Приоритет 1.2 – Обезбедување поширок стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот						
М1.2.1	Воведување на одделни мерки (даночни ослободувања и слични стимулации) за насочување на приватните инвестиции кон понеразвиените плански региони	П1.2-2	8.170	10.000	12.500	30.670
М1.2.2	Подобрување на условите за отпочнување бизнис	П1.2-2	8.170	10.000	12.500	30.670
Приоритет 1.3 – Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони						
М1.3.1	Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки)	П1.3-2, П1.3-3, П1.3-4	5.917.848	6.166.398	6.450.052	18.534.298
М1.3.2	Развој и унапредување на енергетската инфраструктура (група мерки)	П1.3-1, П1.3-5, П1.3-8, П1.3-9, П1.3-10	36.259	37.783	39.521	113.563
Приоритет 1.4 – Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата						
М1.4.1	Насочување на државната помош приоритетно кон активните деловни субјекти во помалку развиените региони	П1.4-1	330.989	344.891	360.756	1.036.636
М1.4.2	Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка за поддршка на претприемништвото и мали и средни претпријатија на ниво на плански регион	П1.4-3, П1.4-4, П1.4-5	109.953	114.571	119.842	344.366
М1.4.3	Јакнење на конкурентноста (група мерки)	П1.4-2	7.000	7.294	7.630	21.924
Приоритет 1.5 – Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во						

човечки капитал						
М1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	П1.5-1	**1.718.663**	**1.790.847**	**1.873.226**	**5.382.736**
Приоритет 1.6 – Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони						
М1.6.1	Зголемување на обработливата површина	П1.6-1, П1.6-5, П1.6-6, П1.6-7	**4.074.996**	**4.246.146**	**4.441.468**	**12.762.610**
М1.6.2	Поддршка, поттикнување и создавање предуслови за зголемување на севкупните инвестиции (балансирана распределба на бруто додадената вредност)	П1.6-2, П1.6-3, П1.6-4, П1.6-5, П1.6-6, П1.7-1, П1.7-2	**493.602**	**514.332**	**537.991**	**1.545.925**
Приоритет 1.7 – Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус						
М1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	П1.7-1, П1.7-2, П1.7-4	**305.099**	**317.914**	**332.538**	**955.551**
М1.7.2	Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони (група мерки)	П1.7-5	**15.727**	**16.386**	**17.139**	**49.252**
М1.7.3	Унапредувањето на управувањето со заштитените подрачја во сите плански региони (група мерки)	П1.7-3, П1.7-5	**24.508**	**25.537**	**26.712**	**76.757**
М1.7.4	Ублажување на негативните ефекти од климатските промени во сите плански региони	П1.7-3, П1.7-5	**24.507**	**25.537**	**26.712**	**76.756**
М1.7.5	Воспоставен систем за управување со отпад со регионални депонии со инсталација за согорување депониски гас	П1.7-5	**15.724**	**16.385**	**17.139**	**49.248**
ВКУПНО СЦ1			**15.586.991**	**16.244.620**	**16.995.952**	**48.827.563**

Поврзување на програмите со мерките – Стратешка цел 2

Табелата бр. 29 на аналоген начин ги прикажува мерките во рамките на Стратешката цел 2 и нивните извори на финансирање. Анализата опфаќа вкупно 13 мерки распоредени во 6 приоритети, финансирани преку 19 буџетски програми на СЦ2. При мапирањето е направено поврзување исклучиво на програмите кои директно и примарно придонесуваат кон целите на СЦ2.

Информирањето на јавноста има за цел: запознавање на поширокаta јавност со целите на политиката за рамномерен регионален развој; споделување на информации меѓу носителите на одлуки заради координирана имплементација на политиката; и обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти. Ова произлегува и од начелото на транспарентност утврдено во членот 4 од Законот за рамномерен регионален развој (*), кое го дефинира редовното, навремено и објективно информирање на јавноста за мерките на политиката, со истовремено овозможување слободен пристап до информации на заинтересираните страни.

Важно е информирањето да биде таргетирано според карактеристиките на одредени целни групи, со цел пораките да бидат правилно и доследно разбрани. Во поширокаta јавност спаѓаат: медиуми, граѓански асоцијации, бизнис асоцијации, академски институции, донатори. За информирање и комуникација на целните групи, основни канали за комуникација се електронскиот систем СиРеРа, електронските и печатените медиуми, веб-страните на носителите на одлуките, интернет просторот, печатени информативни материјали, организирани форуми и промотивни настани.

1. Транспарентност и јавна достапност на информации

Транспарентноста во процесот на спроведување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, се обезбедува преку јавна достапност на сите релевантни плански, нормативни и оперативни документи. Нормативните акти, јавните повици за финансирање на проекти и одлуките донесени во рамките на Советот за рамномерен регионален развој се објавуваат во разумен рок по нивното усвојување, со цел да се обезбеди отчетност пред граѓаните и институционалните партнери. Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028, заедно со аналитичките материјали, финансиските проекции и извештаите за напредокот, се објавува на официјалните веб-страници на Министерството за локална самоуправа и на Бирото за регионален развој.

Електронскиот систем за координација, следење и оценување СиРеРа (www.sirera.mk) претставува централна дигитална платформа за транспарентно следење на имплементацијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, овозможувајќи увид во планските документи, финансиските текови и остварените резултати на национално, регионално и локално ниво. Системот обезбедува систематизирани податоци за сите планско-развојни документи, како и финансиска матрица за следење на рамномерноста во распределбата на средствата. Пристапот до информациите во СиРеРа, вклучително и до плановите за регионален развој и програмите за развој на планските региони, е отворен за сите засегнати страни, со цел да се овозможи поширока јавна контрола над спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој.

2. Известување за напредокот во спроведувањето и објавување на резултатите

Во рамките на периодот 2026–2028, Министерството за локална самоуправа ќе подготвува и јавно ќе објавува периодични извештаи за спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028, вклучувајќи годишни извештаи за реализацијата на приоритетите и мерките, користењето на финансиските средства и постигнатите резултати во однос на утврдените индикатори. Извештаите се подготвуваат во согласност со методолошката рамка утврдена со релевантните подзаконски акти, со цел да се обезбеди конзистентност и споредливост на прикажаните информации во различните програмски циклуси. Овие извештаи се доставуваат до Советот за рамномерен регионален развој и до Владата на Република Северна Македонија, а истовремено се ставаат на располагање на јавноста. Центрите за развој на планските региони, исто така, подготвуваат периодични извештаи и информативни билтени за спроведувањето на активностите во соодветните плански региони, кои служат како основа за оценување на постигнатиот напредок на регионално ниво и за идентификување на евентуалните отстапувања и потребата од корективни мерки. Добрите практики и успешно реализираните проекти во рамките на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, редовно се промовираат преку соодветни публикации и информативни материјали, со цел да служат како показател за ефектите од политиката за рамномерен регионален развој.

3. Дигитални алатки и комуникациски канали

Информирањето на јавноста се остварува преку разновидни канали на комуникација прилагодени на потребите и карактеристиките на различните целни групи. Основниот комуникациски канал претставува веб-страницата на Министерството за локална самоуправа, на која редовно се ажурираат информациите поврзани со регионалниот развој, јавните повици за финансирање на проекти, финансиските инструменти и резултатите од имплементацијата. Веб-страниците на Центрите за развој на планските региони, во рамките на нивните надлежности утврдени со Законот за рамномерен регионален развој (*), дополнително обезбедуваат информации за активностите на регионално ниво, вклучувајќи јавни настани, огласи за финансирање на проекти на општините и постигнати резултати. СиРеРа системот, во функција на системот за следење и оценување предвиден, претставува централен дигитален механизам за збирно прикажување на сите релевантни програмски и финансиски информации поврзани со регионалниот развој. Покрај дигиталните канали, печатените информативни материјали, прес-конференциите и соопштенијата за јавноста претставуваат дополнителни инструменти за информирање. Употребата на единствен визуелен идентитет на политиката за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија во сите комуникациски материјали и канали придонесува за поголема препознатливост и видливост на мерките и нивните резултати кај поширокаата јавност.

4. Консултации со засегнати страни, јавни презентации и работилници

Активното вклучување на засегнатите страни во процесите на планирање, спроведување и оценување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, е барање кое е утврдено уште во методолошката рамка за изработка на планските документи. Принципот на партиципативен пристап и консултации, применет во фазата на подготовка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за период 2026–2028 година преку работилници, фокус групи и тркалезни маси, се продолжува и во фазата на нејзино спроведување. Организирањето на информативни денови и јавни презентации во сите осум плански региони пред и за време на објавувањето на јавните повици за финансирање на проекти овозможува директна комуникација со потенцијалните корисници, вклучувајќи ги единиците на локалната самоуправа, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор. Тематски работилници и регионални форуми, организирани во координација со Центрите за развој на планските региони и Советите за развој на планските региони, претставуваат простор за размена на искуства, идентификување на развојни предизвици во конкретните региони и разгледување на практичните аспекти на имплементацијата на програмските приоритети и мерки.

Прес-конференциите за презентирање на постигнатите резултати и организирањето на промотивни настани во регионите, на кои се поканети претставници на централните и локалните

власти, бизнис асоцијации и потенцијални инвеститори, дополнително придонесуваат за промоција на регионалниот развој и привлекување на интерес од потенцијални инвеститори за планските региони. Сите активности за информирање на јавноста се реализираат во согласност со принципите на транспарентност, широка партиципација, партнерство и одржливост утврдени во Законот за рамномерен регионален развој (*). Начинот на информирање и комуникација ќе произведе најголем ефект преку реализација на серија активности организирани од страна на носителите на политиката за рамномерен регионален развој, насочени кон една или повеќе целни групи:

1. Организирање на информативни и промотивни кампањи за подигање на јавната свест за целите, мерките и придобивките од политиката за рамномерен регионален развој;
2. Редовно информирање на јавноста преку веб-страниците и социјалните медиуми на Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони за тековните активности, јавните повици, реализираните проекти и постигнатите резултати;
3. Организирање на информативни денови и јавни презентации во осумте плански региони пред објавување на јавните повици за финансирање на проекти;
4. Организирање на регионални форуми и консултативни настани со единиците на локалната самоуправа, бизнис-заедницата, граѓанските организации и другите засегнати страни за идентификување на развојните потреби и проектни приоритети;
5. Организирање на прес-конференции, медиумски настани и јавни презентации за промоција на реализираните проекти и постигнатите резултати од Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година;
6. Подготовка и дистрибуција на информативни публикации, електронски билтени, промотивни материјали и успешни приказни за реализирани проекти во планските региони;
7. Организирање на регионални промотивни настани и тематски манифестации за афирмација на развојните потенцијали, културните особености и инвестиционите можности на планските региони;
8. Промовирање на меѓуопштинската соработка и заедничкиот пристап во планирањето и реализацијата на развојните проекти преку јавни настани, медиумски активности и презентации на добри практики;
9. Обезбедување препознатливост на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година преку користење на усогласен визуелен изглед, ознаки и графички елементи на веб-страниците, публикациите, информативните материјали, јавните повици и јавните настани поврзани со спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година;
10. Промовирање на добрите практики и успешните проекти преку веб-страници, социјални медиуми, информативни публикации и јавни настани, со цел зголемување на јавната видливост на резултатите од политиката за рамномерен регионален развој.

ДЕЛ - V СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето и евалуацијата на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, претставуваат клучни механизми за оценување на степенот на реализација на проектите и на ефектите од инвестициите во планските региони. Нивната примарна цел е да се осигура дека буџетските средства се користат наменски, дека планираните мерки придонесуваат кон одржлив и инклузивен регионален развој и дека постои јасна врска помеѓу реализираните активности и намалувањето на развојните разлики меѓу планските региони. Министерството за локална самоуправа ги организира и координира активностите за следење и евалуација на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, во соработка со

Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони.

Следењето и оценувањето на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, се вршат преку електронскиот систем СиРеРа (www.sirera.mk), кој служи за планирање, спроведување, следење и оценување на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој и чие одржување е во надлежност на Министерството за локална самоуправа. Министерството за локална самоуправа ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, во соработка со Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони. Согласно со методологијата за оценување на планските документи за регионален развој, оценувањето се спроведува како тековно и завршно оценување. Тековното оценување се врши во текот на периодот на спроведување и е насочено кон оценување на реализацијата на мерките и постигнатите резултати, додека завршното оценување се врши по истекот на периодот на спроведување и е насочено кон оценување на степенот на реализација на целите, приоритетите и ефектите од спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година.

При спроведувањето на оценувањето се земаат предвид критериумите на ефективност, ефикасност, адекватност, рамномерност на придобивките за засегнатите страни и соодветност на резултатите во однос на потребите на засегнатите страни. Извештаите од оценувањето се засноваат на принципите на релевантност, валидност, проверливост, објективност и применливост. Следењето на реализацијата на мерките се врши врз основа на дефинирани индикатори и утврдени вредности за мерење на постигнатите резултати и ефекти. Оценувањето го спроведуваат оценувачи избрани согласно со Правилникот за постапката за избор на оценувачи и методологијата за оценување на планските документи за регионален развој, а во процесот на оценување може да се користат и квалитативни техники за собирање податоци, како што се анкети, интервјуа и фокус групи.

Следењето и оценувањето на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, претставува континуиран процес насочен кон обезбедување ефективна реализација на утврдените приоритети, мерки и активности, како и кон оценување на нивното влијание врз рамномерниот регионален развој. Преку систематско следење на индикаторите, анализирање на постигнатите резултати и спроведување тековно и завршно оценување, се обезбедува навремено идентификување на предизвиците и потребата од корективни мерки. Резултатите од следењето и оценувањето претставуваат основа за унапредување на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, подобрување на ефикасноста на мерките и подготовка на идните програмски циклуси во функција на остварување на целите на политиката за рамномерен регионален развој.

ДЕЛ VI - АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

Спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026–2028 година е комплексен процес кој опфаќа координација на повеќе институции и затоа може да биде изложен на различни ризици, кои доколку не се навремено идентификувани и соодветно управувани, би можеле да ги нарушат или одложат планираните активности и постигнувањето на утврдените резултати. Во таа насока, Министерството за локална самоуправа, во рамките на своите надлежности и можности, ги анализира и следи идентификуваните ризици, преземајќи соодветни мерки за нивно ублажување и надминување. При тоа, останува факт дека Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, како мулти-секторски документ, се спроведува преку конкретни програми и активности во надлежност на повеќе институции, со што и одговорноста за управување со ризиците е распределена на повеќе нивоа.

Во споредба со претходниот програмски период 2021–2024, контекстот на ризиците во периодот 2026–2028 е значително посложен поради динамичната геополитичка состојба во регионот и пошироко, растечките инфлациски притисоци, демографскиот предизвик и зголемените климатски ризици. Поради тоа, во оваа Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година, анализата на ризикот е проширена и продлабочена, опфаќајќи ги институционалните,

финансиските, координациските, административните, демографските, макроекономските и климатско-еколошките ризици, со посебен осврт на ризиците поврзани со проектна подготвеност и апсорпција на средства. Нивоата на ризик варираат од ниско до високо, а за секој идентификуван ризик се предвидени соодветни мерки за ублажување и надлежна институција одговорна за нивна примена.

Клучни идентификувани ризици

Институционалните ризици произлегуваат од недоволниот институционален капацитет и ангажираност за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, различниот капацитет на институциите за следење и известување за реализацијата на активностите, како и честите промени во приоритетите и кадровските структури на ниво на секторските министерства. Финансиските ризици опфаќаат нереална или недоволно прецизна проекција на средствата наменети за спроведување на приоритетите, можни буџетски рестрикции во услови на фискален притисок, како и зависност на дел од инвестициите во регионалниот развој од надворешни извори на финансирање, особено ИПА фондови и заеми од меѓународни финансиски институции. Ризиците поврзани со координацијата произлегуваат од мултисекторскиот карактер на Програмата и потребата од ефективна хоризонтална и вертикална координација меѓу надлежните институции, што претставува континуиран оперативен предизвик во спроведувањето на Програмата.

Административните капацитети претставуваат значаен предизвик за ефикасното спроведување на Програмата, особено на ниво на Центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа. Недоволниот број на квалификувани вработени, ограниченото ниво на специјализирани знаења за управување со проекти и недоволната техничка опременост може негативно да влијаат врз ефикасноста и квалитетот на спроведувањето. Демографските ризици, особено континуираната депопулација и емиграцијата на работоспособното население од повеќето плански региони, негативно влијаат врз остварувањето на целите за намалување на регионалните диспаритети и ги ограничуваат локалните административни и економски капацитети.

Макроекономските и геополитичките ризици, вклучувајќи инфлаторни притисоци, воени конфликти и надворешни економски и геополитички влијанија, може да ги нарушат планираните финансиски проекции и да предизвикаат потреба од прилагодување на приоритетите во текот на спроведувањето на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, за периодот 2026-2028 година. Климатските и еколошките ризици, кои се манифестираат преку почести и поинтензивни природни катастрофи, како поплави, суши и шумски пожари, создаваат дополнителен притисок врз јавните финансии и влијаат врз остварување на приоритетите. Ризиците поврзани со проектната подготвеност и апсорпцијата на средства остануваат значајни, имајќи предвид дека дел од планираните средства, особено оние од ИПА фондовите, зависат од подготвеноста на проектните апликации, административниот капацитет на корисниците и квалитетот на проектната документација.

Табела 35 Преглед на ризици и мерки за нивно ублажување

Ризик	Опис на ризикот	Веројатност	Потенцијално влијание	Ниво на ризик	Мерки за ублажување / надминување	Надлежна институција / носител
Институционален ризик	Недоволна свест и ангажираност на институциите за ефектите на регионалната политика; чести кадровски промени на ниво на секторски министерства	Средна	Одложување или некоординирано спроведување на мерките	Среден	Подигнување на институционална свест; редовни консултации во рамките на Техничката работна група; обуки за административните службеници	Министерство за локална самоуправа, Совет за РРР
Финансиски ризик	Нереална проекција на средства; буџетски рестрикции; зависност од надворешни извори на финансирање	Средна	Намалување на обемот на планираните мерки; недостиг на средства за приоритетни мерки	Среден	Верификација на буџетски проекции; приоритизирање на мерките со висок импакт; следење на реализацијата на буџетот	Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии

Ризик	Опис на ризикот	Веројатност	Потенцијално влијание	Ниво на ризик	Мерки за ублажување / надминување	Надлежна институција / носител
Ризик поврзан со координација	Слаба хоризонтална и вертикална координација меѓу линиски министерства, агенции и локалните власти	Висока	Фрагментирани мерки; слаб синергетски ефект; дуплирање на активности	Висок	Редовни состаноци на Советот за РРР; унапредување на СиРеРа системот; воспоставување мрежа на контакт-лица во надлежните институции за редовна координација и размена на информации	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Совет за РРР
Административни капацитети	Недоволен административен капацитет на Единици на локалната самоуправа и Центрите за развој на планските региони за управување со проекти	Висока	Бавно спроведување, слаб квалитет на проектна документација, ниска апсорпциона моќ	Висок	Континуирани обуки; техничка помош за подготовка на проекти; зголемување на капацитетот на Центрите за развој на планските региони (ЦРПР)	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Центрите за развој на планските региони, Единици на локалната самоуправа
Демографски ризик	Континуирана депопулација и одлив на работоспособно население од повеќето плански региони	Висока	Намалување на локалните капацитети; влошување на демографската структура по региони	Висок	Насочување на дополнителни средства кон депопулациони подрачја; програми за поттикнување на доселување; поддршка на социјалната инфраструктура	Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Единици на локалната самоуправа
Макроекономски и геополитички ризик	Инфлаторни притисоци, регионална нестабилност и ризици поврзани со процесот на европска интеграција	Средна	Нарушување на финансиските проекции; потреба за ребалансирање на Програмата	Среден	Редовно следење на макроекономски параметри; флексибилна приоритизација на мерките; соработка со МФ за фискалните проекции	Влада на Република Северна Македонија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии
Климатски и еколошки ризик	Зголемена фреквенција на природни катастрофи (поплави, суши, пожари) кои го менуваат приоритетниот редослед	Средна	Дополнителен притисок врз јавните финансии; промена на инвестициски приоритети	Среден	Вградување на климатска отпорност во мерките; интеграција на климатски ризици во планирањето; соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање	Министерство за локална самоуправа, Министерство за животна средина и просторно планирање, Единици на локалната самоуправа
Ризик поврзан со проектна подготвеност и апсорпција на средства	Недостаток на зрели проекти и слаб капацитет на корисниците за апсорпција на финансиски средства	Средна	Губење или враќање на нискокористени средства; одложување на резултатите	Среден	Поддршка за подготовка на проектна документација; создавање на резерва на зрели проекти (проекти во подготовка); обуки за корисниците	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Центри за развој на плански региони, Единици на локалната самоуправа

Завршна одредба

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-5069/22
3 ноември 2026 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1: Расчленување на Стратешка цел 1 по приоритети, мерки и индикатори

Приоритет	Мерка	Индикатор
Стратешка цел 1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони кои доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции		
Приоритет 1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој		
1.1.1	[illegible] регионален развој 2021-2031 (интегрален)	Процентуалната вредност на Индексот за степенот на развиеност на планските региони во споредба со Скопскиот плански регион (таргетирано позиционирање во опсег)
1.1.2	Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој (*) во поглед на издвојување на средствата за регионален развој, најмалку во висина од 1% од БДП	Број на програмите кои го вклучуваат индексот на развој на планските региони
1.1.3	Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој (*) во поглед на издвојување на [illegible] за регионален развој во висина од 1% од БДП	Процент на средства кои се реализираат со примена на Индексот за степенот на развиеност на планските региони преку Министерство за локална самоуправа и Биро за регионален развој и други министерства, агенции и фондови
1.1.4	Усогласување на јавните инвестиции од Буџетот на Влада и буџетите на Единиците на локалната самоуправа со приоритетите на Стратегијата за регионален развој	Процент на учество на јавните инвестиции по одделни региони
1.1.5	Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој (*) во поглед на издвојување на [illegible] за регионален развој	Вкупно потрошени средства од Министерството локална самоуправа и Биро за регионален развој наспроти потребното ниво на издвоени средства во висина од 1% од БДП
Приоритет 1.2: Обезбедување поширок стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот		
1.2.1	[illegible] мерки (даночни ослободувања и слични стимулации) за насочување на приватните инвестиции кон [illegible] планските региони	Структура на бруто домашен производ по глава жител (%) по плански регион
1.2.1	Воведување на одделни мерки (даночни ослободувања и слични стимулации) за насочување на приватните инвестиции кон помалку развиените планските региони	Структура на бруто додадена вредност (%) по плански регион
1.2.2	одобрување на условите за	Структура на инвестиции во основни средства (%) по плански регион
Приоритет 1.3: Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони		
1.3.1	[illegible] (група мерки)	Густина на регионалната патна инфраструктура (км/1.000 км²)
1.3.1	Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки)	Локална патна инфраструктура (км)
1.3.1	Развој и унапредување на [illegible] инфраструктура (група мерки)	Густина на железничка инфраструктура (км/1.000 км²)
1.3.2	[illegible] инфраструктура (група мерки)	Дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ (MW) по плански региони
1.3.2	Развој и унапредување на енергетската инфраструктура (група мерки)	Потрошувачка на финална енергија по додадена вредност во индустријата по региони (kWh/EUR)

Приоритет 1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата		
1.4.1	Насочување на државната помош (приоритетно кон активните регионални субјекти во домашну развиените региони	Структура на БДП по глава жител (%)
1.4.2	Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка за поддршка на претприемништвото и мали и средни претпријатија на ниво на плански регион	Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка за поддршка на претприемништво и мали и средни претпријатија на ниво на плански регион
1.4.3	Јакнење на конкурентноста (група мерки)	Извоз (%)
Приоритет 1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал		
1.5.1	[illegible]	Просечно исплатена нето плата по вработен (во денари)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	БДП по вработен (во милиони денари)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на активност (%)
1.5.1	[illegible] за сите мерки под овој приоритет	Стапка на активност жени (%)
1.5.1	[illegible] за сите мерки под овој	Стапка на активност млади (%)
1.5.1	[illegible] за сите мерки под овој [illegible]	Стапка на активност (%) - лица со незавршено основно образование
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на вработеност (%)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој	Стапка на вработеност жени (%)
1.5.1	[illegible] за сите мерки под овој приоритет	Стапка на вработеност млади (%)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на вработеност (%) - лица со незавршено основно образование
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на невработеност (%)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на невработеност жени (%)
1.5.1	[illegible] за сите мерки под овој приоритет	Стапка на невработеност млади (%)
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој приоритет	Стапка на невработеност (%) – лица со незавршено основно образование
1.5.1	Интегрално за сите мерки под овој	Стапка на слободни работни места (%)
Приоритет 1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони		
1.6.1	Зголемување на обработливите површини	Учество на обработливата во земјоделската површина = Обработлива земјоделска површина/ Вкупна земјоделска површина
1.6.2	Поддршка, поттикнување и создавање предуслови за зголемување на фиксните инвестиции (балансирање распределба на бруто додадената вредност)	Степен инвестирање од бруто додадена вредност = Просечни годишни инвестиции земјоделство/Просечна годишна бруто додадена вредност земјоделство
Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус		
1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	Процент од населението покриено со јавен водовод (%)

1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води (%)
1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни води (%)
1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	Број на пречистителни станици
1.7.1	Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки)	Популација (еквивалент жители) поврзана со систем за пречистување отпадни урбани води
1.7.2	Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони (група мерки)	Број на изградени регионални депонии и нивни составни делови за управување со отпад
1.7.2	Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони (група мерки)	Процент (%) на рециклиран отпад (kg) од вкупниот комунален отпад (kg)
1.7.3	Унапредувањето на управувањето со заштитените подрачја во сите плански региони (група мерки)	Површина на заштитени подрачја (ha)
1.7.3	Унапредувањето на управувањето со заштитените подрачја во сите плански региони (група мерки)	Број на нови заштитени подрачја
1.7.4	Ублажување на негативните ефекти од климатските промени во сите плански региони	Број на подготвени општински стратегии за климатски промени
1.7.5	Воспоставен систем за управување со отпад со регионални депонии со инсталација за согорување депониски гас	Воспоставен систем за управување со отпад со регионални депонии со инсталација за согорување депониски гас
1.7.5	Воспоставен систем за управување со отпад со регионални депонии со инсталација за согорување депониски гас	Воспоставени интегрирани системи за управување со отпад во плански региони

Прилог 2: Расчленување на Стратешка цел 2 по приоритети, мерки и индикатори

Приоритет	Мерка	Индикатор
Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението		
Приоритет 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачја со специфични развојни потреби		
2.1	[illegible] сите мерки под овој приоритет	Учество на населението од регионот во вкупното население во државата (%)
2.1	[illegible] за сите мерки под овој	Густината на населеност (по означува бројот на населението кое живее на одредена територија и се изразува во ж/km²) по плански региони
2.1	[illegible] ви под овој приоритет	Стапка на природен прираст = разликата од наталитетот и морталитетот во однос со вкупниот број на населението (се изразува во ‰)
2.1	Интегрир [illegible] за сите мерки [illegible] овој	Учество на млада популација до 14 години во вкупното население (%)
Приоритет 2.2: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знење во областа на регионалното просторно планира		
2.2	[illegible] усвоени просторни планови на планските региони	Број на усвоени просторни планови на планските региони /год.
2.2	Подготовка и донесување на просторни планови на општини	Број на усвоени просторни планови на општините во планските региони /год
2.2	Подготовка и донесување на урбанистички планови за населб	Број на усвоени урбанистички планови во планските региони /год.
Приоритет 2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони		
2	[illegible] и [illegible] ската [illegible] во планските региони (група мерки)	Стапка на млади лица (15-29 години) кои не се вработени ниту се вклучени во процесот на образование или обука (NEET), %, по плански региони
	Унапредување на социјалната заштита во планските р	Корисници на гарантирана минимална помош над 18 години, на 1.000 население, по плански региони
	[illegible] на [illegible] стојните [illegible] на [illegible] (група мерки)	Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници, по плански региони
	[illegible] на достапноста на [illegible] ните услуги од [illegible] региони (група мерки)	Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници, по плански региони
2.3	[illegible] на опфатот на децата во градинки што ќе овозможи рамни можности за [illegible] на пазарот на труд на [illegible]	Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки (%), по плански региони
Приоритет 2.4: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони		
	[illegible] дисфункт во [illegible] за [illegible] центри за жртви на родово засновано насилство во Североисточниот, Југоисточниот, Пелагонискиот и Југозападниот плански региони	Број на засолништа за жртви на родово засновано насилство
	[illegible] на [illegible] [illegible] [illegible] центри за жртви на родово засновано насилство во	Број на матични гинеколози на 1 000 жени осигуреници, по плански региони

	Североисточниот, Југозападниот, Полошкиот и Југоисточниот плански регион	
Приоритет 2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд		
2.5.	[illegible]	Намален број на подрачни училишта за 10% во просек за сите плански региони до 2029 година
2.5.	[illegible]	Изготвена функционална анализа и студија за нова предлог мрежа на средни училишта по општини и плански региони до 2023 година. Намален број на комбинирани училишта за средно образование согласно Студијата
2.5.	[illegible]	Формирани регионални центри за стручно образование и обука во сите плански региони покрај Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот регион
Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита		
2.6	[illegible]	Број на професионални театри, професионални театри за деца и младинци и аматерски театри по плански региони
2.	[illegible]	Број на вработени во професионални театри и професионални театри за деца и младинци по плански региони
2.	[illegible]	Број на кина и број на вработени во кина по одделни плански региони
	[illegible]	Вработени во аматерски театри по одделни плански региони
2.6	[illegible]	Број на прикажани филмови и кино претстави по плански региони
2.6	[illegible]	Број на посетители во музеи и кина по одделни плански региони
2.6	[illegible]	Инфраструктура за спортски активности по одделни плански региони (класифицирани објекти според нивната функција, намена, опременост и капацитет)
2.6	[illegible]	Број на спортски клубови и број на спортисти по плански региони
	[illegible]	Број на пожарникари и потребни пожарникари по плански региони
	[illegible]	Видови на објекти на ТППЕ и нивна состојба по одделни плански региони